# АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ И НА ПОЛИТИКИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ ЗА СТЕПЕНОТ НА ВКЛУЧЕНОСТ НА ПРИНЦИПОТ НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И НА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Наташа Бошкова
Жарко Трајаноски

Истражувачи:
Моника Божиноска
Александра Живковиќ
Марија Мирчевска
Сања Божовиќ

## 1. ВОВЕД

Универзитетот го обезбедува единството во вршењето и во развојот на високото образование, науката и на уметноста, како и во стручноста, и, непосредно и преку своите единици од различни студиски подрачја, пренесува сознанија од повеќе научни, односно уметнички подрачја и дисциплини. Како највисока автономна високообразовна, научна и уметничка установа, Универзитетот треба да ги промовира и применува принципите на еднакви можности и на недискриминација во своите политики и во спроведувањето на активностите.

*Дискриминација* претставува секое активно или пасивно однесување на државен орган или на приватни лица, кое значи определен облик на различен третман, исклучување, ограничување или на давање привилегиран третман на поединец или на група поединци во уживањето на некое право или на некоја слобода, и е засновано на некоја дискриминациска основа. *Принципот на еднакви можности* значи промовирање на начелото за воведување на еднакво учество во областите од јавниот и од приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на индивидуални потенцијали, преку кои се придонесуваат општествен развој и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој. Остварувањето на основните цели на Универзитетот е возможно со вклучување на начелото на еднакви можности, кое ќе обезбеди развој на сите студенти и на научниот кадар, во согласност со нивните потенцијали и интереси. Иако, според Уставот на Република Македонија, универзитетите уживаат автономија во своето дејствување, сепак, заштитата од дискриминација и принципот на еднакви можности се подеднакво обврзувачки и за нив, исто како и за останатите јавни и приватни установи, институции и поединци. Забраната на дискриминацијата и заштитата од неа, како и принципот на еднакви можности се инкорпорирани во документите што го регулираат високото образование. Имајќи ги предвид ограничениот временски период и ресурсите, со кои располагаме, фокусот на оваа анализа ќе се однесува само на политиките што се

спроведуваат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: „Универзитетот“) и ќе претставува појдовна основа за понатамошна анализа на степенот на вклученост на политиките на еднакви можности и на недискриминација на останатите високообразовни институции на територијата на Република Македонија. Оваа анализа, исто така, има за цел да утврди дали навистина дискриминацијата се јавува како проблем во високообразовните институции во Македонија, да ја утврди перцепцијата за степенот на зачестеност и на појавните форми на дискриминацијата и да ги лоцира субјектите што најчесто иницираат дискриминација. Со оглед на тоа што формалната гаранција на принципот на недискриминација не е доволна за постигнување на фактичка еднаквост, анализата има за цел да утврди дали, и во која мера, Универзитетот презел конкретни активности за постигнување на еднаквост на студентите и на академскиот кадар. Исто така, анализата дава осврт на постојните механизми за заштита од дискриминација на студентите и на научниот кадар што биле нееднакво третирани во пристапот и во остварувањето на високото образование, како на национално ниво, така и на специфичните механизми за заштита на правата на студентите во рамките на Универзитетот. Со оглед на тоа што за првпат се прави анализа на политиките на Универзитетот од аспект на недискриминацијата, сметаме дека е неопходно да се направи компаративна анализа на меѓународните практики на воспоставување и на развивање на политика на еднакви можности и на недискриминација на универзитетите во Европа.

Во однос на користените инструменти, за потребите на овој труд, користени се прашалник, како квантитативна истражувачка алатка, и правото на пристап до информации од јавен карактер, како правен механизам за осигурување на транспарентност во работењето на институциите.

Резултатите добиени од теренското истражување имаат за цел да ги утврдат искуствата и ставовите на студентите поврзани со прашањето за дискриминација, додека, преку правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, се обидовме да го утврдиме степенот на имплементација на законските одредби

што го регулираат прашањето на антидискриминација. Преку овие резултати се дава поширока слика за состојбата на студентите и на научниот кадар во однос на познавањето на принципите на еднаквите можности и на недискриминацијата и на механизмите за заштита во случај на нееднаков третман во стекнувањето на високото образование, или во напредувањето во научната кариера на одделните единици на Универзитетот. Резултатите добиени од анализата ќе помогнат во подобрување на политиките на Универзитетот, во смисла на промоција на принципот на еднакви можности за студентите и за вработените, преку осигурување дека сите академски практики, како и вработувањето на високообразовните институции, ќе бидат спроведени врз основа на соодветни вредности, квалификации, способности и на индивидуалниот потенцијал на студентите и на академскиот кадар.

## 2. ДИСКРИМИНАЦИЈАТА И СТУДЕНТИТЕ: ПРЕПОЗНАВАЊЕ, ИНФОРМИРАНОСТ, ИСКУСТВА И МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА

Младинскиот образовен форум спроведе истражување што имаше за цел да ги испита:

а) капацитетите на студентите за препознавање и за идентификување на случаите на дискриминација врз различни основи и во различни ситуации во рамки на високообразовниот процес;

б) искуствата на студентите со дискриминација, како и зачестеноста, ситуациите во кои се јавуваат случаите на дискриминација и субјектите на дискриминациските акти;

в) толеранцијата на студентите на дискриминацијата врз секоја основа, колку се подготвени да пријават, и во која ситуација би пријавиле, случај на дискриминација;

г) запознаеноста и информираноста на студентите за концептот на дискриминација, законските механизми за регулација на дискриминацијата и за заштита од неа, како

и за достапните механизми и тела преку кои би можеле да се заштитат во случаи на дискриминација;
д) разликите во ставовите на различни целни групи диференцирани врз основа на полот, возраста, етникумот, социјалниот статус, местото на живеење.
Истражувањето е спроведено во периодот од 1 до 15 април, 2013 година, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на 15 факултети, и тоа на:

1. Градежен факултет
2. Архитектонски факултет
3. Стоматолошки факултет
4. Фармацевтски факултет
5. Медицински факултет
6. Економски факултет
7. Правен факултет
8. Филозофски факултет
9. Филолошки факултет
10. Земјоделски факултет
11. Природно-математички факултет
12. Педагошки факултет
13. Машински факултет
14. Факултет за информатички и компјутерски науки
15. Факултет за електронски и информатички технологии

Прашалникот е спроведен на вкупно 870 испитаници. Примерокот на истражувањето е стратификуван и пригоден. Тој опфати 4% од вкупниот број на редовни студенти на секој факултет. Примерокот го сочинуваат 766 Македонци, 55 Албанци и 49 испитаници од други етнички групи. Дополнително, примерокот содржи 440 испитаници од Скопје, а 430 испитаници од другите градови на Р. Македонија; 356 машки и 514 женски испитаници.

Учесниците беа информирани за целите на истражувањето и доброволно прифатија да учествуваат во него.

Друга алатка што беше користена при испитувањето на дискриминацијата во високото образование беше и испраќањето на барања за слободен пристап до информации до неколку релевантни институции: државниот Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Комисијата за заштита од дискриминација, Студентскиот правобранител, Студентскиот парламент при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Народниот правобранител и до сите државни факултети, чие седиште е во Скопје.

Барања за пристап до информации беа испратени до следниве факултети:

1. Архитектонски факултет
2. Градежен факултет
3. Православен богословски факултет
4. Економски факултет
5. Машински факултет
6. Медицински факултет
7. Факултет за ветеринарна медицина
8. Факултет за земјоделски науки
9. Правен факултет
10. Педагошки факултет
11. Природно-математички факултет
12. Стоматолошки факултет
13. Технолошко-металуршки факултет
14. Факултет за дизајн и технологии на мебел
15. Факултет за драмски уметности
16. ФЕИТ
17. ФИНКИ
18. Факултет за ликовни уметности
19. Факултет за музички уметности

20. Факултет за физичка култура
21. Филолошки факултет
22. Филозофски факултет
23. Фармацевтски факултет
24.  Шумарски факултет

Вкупниот број на испратени барања е 241. По изминувањето на законскиот рок за поднесување одговори на поднесените прашања, поради молчење на администрацијата на една високообразовна институција, на МОН и на СПУКМ, беа испратени жалби до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации. Вкупниот број на жалби изнесува 15. Институциите до кои беа испратени жалби се следниве: МОН, Факултет за драмски уметности, Факултет за ветеринарна медицина и СПУКМ.

Два месеца по изминувањето на рокот за поднесување одговори на жалбите што беа испратени, Студентскиот парламент при УКИМ ги достави своите одговори, со образложение дека доцнењето се должи на технички причини.

## 2.1. Препознавање на дискриминацијата

Она што најпрво сакавме да го дознаеме како информација беше дали студентите воопшто ја перципираат дискриминацијата како појава во текот на своето студирање. Преку ова сакавме да добиеме податок колку студентите препознаваат што е навистина акт на ограничување на одредено право на студентот или на припадникот на академскиот кадар.

Така, ситуациите, во кои професорот или асистентот би користел стереотипи или предрасуди кон одредена религиозна група во текот на предавањето, дури 83,6% ги сметаат за дискриминациски, додека, пак, кога овие ситуации би се однесувале на оценувањето, дури 84,9% од испитаните студенти сметаат дека би постоела

дискриминација кон тој студент, односно кон таа религиозна група.

Понатаму, кога партиската припадност претставува предуслов за добивање на професорско или на асистентско место, 83,8% од студентите ја препознаваат оваа ситуација како дискриминациска. Потоа, случаите кога студентите добиваат легла во студентските домови, а предуслов за тоа е партиската припадност, дури 84,9% од студентите ги препознаваат како дискриминација. Влегувањето во конфликт на професор со студент само поради различните политички гледишта, како дискриминациска ситуација го препознаваат 74,7% од студентите.

**Студентите сметаат дека е дискриминација ако:**




1 - **83,6%** - професор или асистент користи стереотипи или предрасуди кон одредена религиозна група во текот на предавање

2 - **83,8%** партиската припадност претставува предуслов за добивање на професорско или асистентско место

3 - **84,9%** студентите добиваат легла во студентски домови, а предуслов за истото е партиската припадност

4 - **74,7%** Влегувањето во конфликт на професор со студент само заради различните политички гледишта

Примерите што беа наведени во прашалникот, а се однесуваа на половата дискриминација, беа препознаени како такви. Така, кога полот е предуслов за добивање на легло во студентски дом, кога, врз основа на полот, се добиваат повеќе бодови, кога се добива предност за упис на факултет, врз основа на полот, студентите ги препознаваат како случаи на дискриминација во високообразовниот процес. Дополнително, високи 75,3% од испитаниците одговорија дека дискриминација претставува и ситуацијата, во која припадничка на женскиот пол не може да напредува, доколку планира да роди деца. Сексуалната определба, како основа за дискриминација, студентите ја препознаа во неколку случаи. 75,1% од испитаниците сметаат дека, доколку професорот/асистентот му се потсмева на некој студент, затоа што е хомосексуалец, тој во таквата ситуација врши дискриминација. Покрај ваквата директна дискриминација, 70,1% сметаат дека дискриминација претставува и доколку на некој активист за правата на хомосексуалците не му се дозволи напредување во работата, односно во добивањето на асистентско место на факултетот.

## 2.2. Застапеност на дискриминацијата

Она што следно сакавме да го дознаеме беше колку на студентите им се случува да се дискриминирани. Покрај личното искуство во поглед на дискриминацијата, беше испитано и врз кои основи студентите најчесто се дискриминирани.

Од сите испитаници, студентите најмногу лично биле жртви на полова дискриминација и на дискриминација врз основа на партиската припадност. Во таа смисла, на 13% од испитаниците им се случило да бидат дискриминирани врз основа на полот. Што се однесува до политичките уверувања, 10,8% од студентите што беа дел од ова истражување, се изјаснуваат како жртви на ваква дискриминација. Веднаш по половата дискриминација и по дискриминацијата врз основа на партиската припадност, се наоѓа дискриминацијата врз основа на етничката припадност и на јазикот, па дури 9,5% од студентите биле нејзини жртви.

**Студентите одговориле дека лично им се случило да бидат дискриминирани:**




1 - **13%** врз на основа на пол

2 - **3,4%** врз основа на сексуална определба

3 - **9,5%** врз основ на етничка припадност и јазик

4 - **10,8%** врз основ на политичка припадност

5 - **8,7%** врз основ на социјална положба и статус

6 - **5,2%** врз основ на религиска припадност

7 - **3,3%** врз основ на физичка и ментална припадност

8 - **3,7%** врз основ на здравствен статус

Од одговорите на испитаниците, најмалку испитаници биле жртви на дискриминација врз основа на здравствениот статус, односно, на ментална или физичка попреченост.

Ова прашање даваше можност студентите да наведат и дали познаваат лице што било жртва на дискриминација, без разлика врз каква основа. Така, повторно, на табелата највисоко се јавуваат дискриминацијата врз основа на политичката и на етничката припадност и на јазикот. Дури 39,5% од испитаниците познаваат лице што било жртва на дискриминација врз основа на политичкото уверување, а 31,7% од испитаниците имаат пријател кому му се случила дискриминација врз основа на етничката припадност и на јазикот. Најниско на табелата повторно се наоѓаат

дискриминацијата врз основа на здравствениот статус, односно на физичка или ментална попреченост.

Ситуацијата во резултатите почнува да се разликува кога станува збор дали испитаниците слушнале за некаков случај на дискриминација. Овде, сексуалната ориентација, етничката припадност и јазикот и дискриминацијата врз основа на полот се најзастапени. Дури 36,9% од испитаниците слушнале дека некому му се има случено да биде дискриминиран врз основа на сексуалната определба. Потоа, следуваат етничката припадност со 34,4% и дискриминацијата врз основа на полот, со 31,1%.

**Студентите одговориле дека имаат чуено дека на некому за време на студирањето му се има случено да биде дискриминиран:**




1 - **31,1%** врз основ на пол
2 - **36,9%** врз основ на сексуална ориентација
3 - **34,4%** врз основ на етничка припадност и јазик
4 - **28,3%** врз основ на политичка припадност
5 - **30,6%** врз основ на социјална положба и статус
6 - **33,4%** врз основ на религиска припадност
7 - **32,9%** врз основ на физичка или ментална попреченост
8 - **25,1%** врз основ на здравствен статус

Посебно загрижувачки, и во спротивност со резултатите од анкетите, е фактот дека ниту едно од надлежните тела на ниво на Универзитетот, но и на државно ниво, досега нема регистрирано ниту еден случај на дискриминација. На прашањето колку случаи до сега се пријавени до управата на факултетот, сите факултети[1] одговараат дека досега не бил пријавен НИТУ ЕДЕН СЛУЧАЈ на дискриминација кај нив. Отсуство на каков и да било случај на дискриминација, односно на пријава на случај на дискриминација потврдија и одговорите на Студентскиот парламент и на студентскиот правобранител, што е повторно во спротивност со перцепцијата на студентите за зачестеноста на дискриминацијата, забележана преку резултатите добиени преку анкетите. Причините за непријавувањето на случаите треба да бидат предмет на дополнителни и на поопсежни анализи.

1 Во истражувањето беа вклучени следниве факултети: Архитектонски факултет, Градежен факултет, Православен богословски факултет, Економски факултет, Машински факултет, Медицински факултет, Факултет за ветеринарна медицина, Факултет за земјоделски науки, Правен факултет, Педагошки факултет, Природно-математички факултет, Стоматолошки факултет, Технолошко-металурушки факултет, Факултет за дизајн и технологии на мебел, Факултет за драмски уметности, ФЕИТ, ФИНКИ, Факултет за ликовни уметности, Факултет за музички уметности, Факултет за физичка култура, Филолошки факултет, Филозофски факултет, Фармацевтски факултет, Шумарски факултет.

## 2.3. Зачестеност на дискриминацијата

Во истражувањето беше испитано и колку често во текот на студирањето еден студент забележува дискриминација во неколку ситуации од неговото секојдневие: при уписот на факултет, при стекнувањето на титула „професор“ или „асистент“, при добивањето на легло во студентски дом, при оценувањето или добивањето на бодови од дополнителни активности и при добивањето на стипендија.

Испитаните студенти одговорија дека дури 45,05%, барем еднаш во текот на студирањето, забележале дека има студенти што се дискриминирани при уписот на факултет врз основа на партиската определеност. Процентот на студенти што , барем еднаш, забележале дискриминација при уписот на факултет врз основа на етничката припадност и на јазикот е нешто помал од горниот и изнесува 44,4%.

Испитаниците најмалку досега во текот на студирањето забележале дека се прави дискриминација врз основа на полот и на здравствениот статус, кога се во прашање уписите на факултет.

Следната тестирана ситуација, за која испитаниците требаше да ни дадат информација е можноста за напредување, односно дали се јавува дискриминација врз кандидатите што треба да бидат избрани во звањето „професор“, односно „асистент“. Во оваа смисла повторно најзастапена е дискриминацијата врс основа на етникумот и на политичката позадина, додека најмалку застапена е дискриминацијата врз основа на здравствениот статус и на сексуалната ориентација. 51,03% од испитаниците барем еднаш во текот на студирањето забележале дискриминација врз основа на партиската определба, кога бил вршен избор за професор, односно за асистент. Овој процент кај дискриминацијата врз основа на етничката припадност и на јазикот, во процесот на унапредување во звањето „професор“ или „асистент“ е нешто помал, односно, само 31,72% од студентите, барем еднаш, ја забележале оваа појава.

**При стекнување на титула проф/асистент, студентите на УКИМ барем еднаш во тек на студирањето забележале дискриминација на една од следниве основи:**




1 - **51,5%** Политичка позадина
2 - **31,8%** Етничка припадност и јазик
3 - **27,9%** Религиозна припадност
4 - **25,2%** Пол
5 - **24,8%** Социјална позадина
6 - **20,1%** Физичка и ментална попреченост
7 - **17,6%** Сексуална ориентација
8 - **14,5%** Здравствен статус

И покрај тоа што овој тип на информација е добиена посредно, односно преку перцепциите и преку информациите со кои располагаат студентите, а не директно, преку наставниот кадар или преку лицата што имаат директно искуство во процесот на избор за професор или за асистент, сепак, е значајно да се напомене дека, повторно, според добиените информации од факултетите до кои беа испратени прашања, досега не е пријавен ниту еден случај на дискриминација на член на академскиот кадар. Исто така, на прашањето дали досега е пријавен

случај на дискриминација на студент или на член на академскиот кадар, како и колку случаи биле пријавени до Универзитетската управа, во академските 2009/10, 2010/2011 и 2011/2012, УКИМ одговори дека нема информации. Управата на УКИМ, во овој случај, се смета за ненадлежна да постапува по претставки во случаи на дискриминација и алудираа на Студентскиот правобранител, како надлежен орган за ова прашање.

Во одговорот од Министерството за труд и социјална политика, како и во одговорите од Министерството за образование, Народниот правобранител и од Комисијата за заштита од дискриминација стои дека постои отсуство на пријавени случаи на дискриминација врз академскиот кадар.

**При добивање на легло во студентски дом, студентите на УКИм барем еднаш во тек на студирањето забележале дискриминација на една од следниве основи:**




1 - **53,8%** Политичка позадина

2 - **37,2%** Етничка припадност и јазик

3 - **36,4%** Социјална положба

4 - **32,7%** Религиозна припадност

5 - **24,6%** Пол

6 - **21,4%** Физичка или ментална попреченост

7 - **17%** Сексуална ориентација

8 - **14,7%** Здравствен статус

При добивањето на легла во студентските домови, студентите наведуваат дека политичката позадина е битен фактор, односно, врз оваа основа најчесто се прави дискриминација. Повеќе од половина, конкретно 53,79% од студентите, барем еднаш, забележале дека некој е дискриминиран врз таа основа. Веднаш по политичката позадина се наоѓаат етничката припадност и јазикот, меѓутоа со многу помал процент, односно со 37,12%.

Повторно, партиската припадност се истакнува највисоко на скалата, па и кога станува збор за оценувањето, односно за добивањето на бодови од дополнителни активности. Дури 44,59% од студентите, барем еднаш, во текот на студирањето се сретнале со ситуација, во која некој студент бил дискриминиран при оценувањето токму затоа што имал поинакво политичко гледиште од она на оценувачот. 40,91% од студентите одговориле дека, барем еднаш, се сретнале со ситуација, во која некој студент бил дискриминиран врз основа на полот, при добивањето на оценка или на бодови.

За добивање на стипендија (без разлика дали се работи за домашни услови на студирање или за меѓународна размена) студентите, во текот на студирањето, најмногу забележале дискриминација врз основа на политичката припадност (53,33%). Социјалниот статус, исто така, претставува основа за дискриминација, кога станува збор за добивање на стипендии, и тоа дури 41,72% од испитаниците навеле дека, барем еднаш, се сретнале со ваков тип на дискриминација. Треба да се напомне дека ова прашање може да подлежи на дебата, со оглед на тоа што стипендиите, генерално, им се даваат на студентите за да им помогнат во процесот на високото образование, односно, за нешто што самите не би можеле да си го дозволат. Етничката припадност и јазикот се веднаш по социјалниот статус, со 40,6%. Кога се работи за добивање на стипендија, најмалку забележани ситуации на дискриминација се оние врз основа на здравствениот статус (13,90%) и на сексуалната определба (14,13%).

Од наведеното може да се забележи дека политичката припадност, како основа за дискриминација, се појавува најчесто на прво место, односно, таа е најзабележана

од страна на студентите. Најиндикативен пример е појавата на дискриминација врз политичка основа при доделувањето на студентски легла во домовите.

## 2.4. Пријавување на дискриминацијата

Битен акспект од темата за дискриминација во високото образование е подготвеноста на студентите да се спротивстават на оваа појава, со тоа што би алармирале до управата на факултетот, или до надлежните студентски претставници. Во ова истражување дојдовме до резултат дека испитаниците најчесто би пријавиле дискриминација врз основа на полот, односно, во просек 47,30% одговориле дека би им пречела оваа појава и би реагирале по неа, независно за која ситуација се работи (оценување, доделување на стипендии, уписи...). Следува дискриминацијата врз основа на политичкото убедување и на социјалниот статус. На 45,6% од испитаниците би им пречела дискриминацијата врз основа на политичкото убедување и би ја пријавиле, а 45,49% од испитаниците одговориле дека би им пречела, и би ја пријавиле кај надлежното лице, дискриминацијата врз основа на социјалниот статус

Највисока стапка на нетолеранција, односно став дека им пречи и би ја пријавиле до надлежно лице, имаме во случајот на дискриминацијата врз основа на полот, во процесот на оценувањето. Имено, 53,4% од испитаниците не би толерирале дискриминација врз основа на полот при процесот на оценување, со тоа што нема драстични разлики во одговорите за дискриминацијата врз основа на полот, етникумот и на местото на потекло на испитаниците.

**Студентите би пријавиле доколку при оценувањето се дискриминирани врз основ на:**




1 - **53,4%** Пол
2 - **46,6%** Религиозна припадност
3 - **40,3%** Сексуална ориентација
4 - **44,6%** Етничка припадност и јазик
5 - **48,2%** Физичка или ментална попреченост
6 - **48%** Социјална положба
7 - **50,5%** Политичка позадина
8 - **47,2%** Здравствен статус

Во поглед на разликите во одговорите кај македонските и кај албанските испитаници, забележано е следново: 50% од испитаниците што се припадници на македонскиот етникум не би пријавиле, или не им пречи дискриминацијата врз основа на полот при запишувањето на факултет. Кај албанската популација, процентот е помал, односно 40% од албанските испитаници се одлучиле за опцијата „ми пречи и би реагирал/а“.

Иако, генерално, постои висок степен на свесност и на осуда на ваквото поведение, сепак, поголеми од вообичаените разлики меѓу албанската и македонската популација, можат да се увидат кај дискриминацијата врз основа на религијата и на

етникумот, во која било од наведените ситуации.

Како пример можеме да ја земеме реакцијата на дискриминацијата врз основа на религиската припадност при уписот на факултет. Од албанската популација, високи 61% одговориле дека им пречи и би ја пријавиле дискриминацијата врз основа на религиската припадност при уписот на факултет, додека процентот кај македонската популација е за речиси 1/3 помал, односно само 39,8% од македонските испитаници се одлучиле за опцијата „ми пречи и ќе пријавам ситуација“.

И кај дискриминацијата врз основа на етничката припадност при процесот на упис е воочлива разлика меѓу македонските и албанските испитаници. Додека, од албанските испитаници, 52,7% одговориле дека им пречи и би пријавиле ваков тип на дискриминација, кај македонската популација, 43,2% дале ваков одговор. Оваа ситуација е една од малкуте, каде што може да се воочи поголема од просечната разлика во одговорите на македонската и на албанската популација.

На највисок процент од испитаниците, односно, на 35,2%, би им пречело, но тие не би пријавиле дискриминација врз основа на религиозната припадност во процесот на оценување. Повторно, нема значајна разлика во поглед на основата за дискриминација (пол, етникум или место на потекло на испитаниците).

31,1% од испитаниците изјавиле дека, доколку посведочат дискриминација врз основа на полот во процесот на доделување на студентски легла, нема да реагираат, како резулатат на нечувствување на одговорност, односно, тие не гледаат на ситуацијата како на свој, личен проблем.

Она што е забележливо индикативно во одговорите добиени на овие прашања е дека, иако просечно половина од испитаниците изјавуваат дека би им пречела и би ја пријавиле дискриминацијата врз основа на полот, политичкото убедување или на вероисповедта, сепак, ваквиот декларативен став се коси со податоците од останатите прашања. Имено, претходно посочените идентификувања на дискриминација, како директно искусена или забележана кај други лица што им се познати на испитаниците, даваат процент, којшто, како што е посочено погоре, е релативно загрижувачки, но

тој е во спротивност со овој декларативен став, односно, фактичката состојба укажува на тоа дека, и покрај тоа што се запознаени со случаи на дискриминација, студентите нив воопшто не ги пријавуваат, а, сепак, тврдат дека тоа би им пречело и дека би пријавиле.

## 2.5. Субјекти што вршат дискриминација

Целта на ова прашање беше истражување за тоа кој од „актерите“ инволвирани во високообразовниот процес вршат дискриминација. Воедно, сакавме да дознаеме кои од тие актери најчесто вршат дискриминација во различни ситуации. Така, како актери беа поставени: професорите, студентите, асистентите, управата на факултетот, МОН, административните работници во одделите за студентски прашања, студентските организации и студентскиот правобранител.

**Студентите барем еднаш во текот на студирањето забележале дискриминација од страна на:**

***Професори***




1 - **44,5%** Пол
2 - **39,1%** Религиозна припадност
3 - **23,3%** Сексуална ориентација
4 - **39,8%** Етничка припадност и јазик
5 - **20,1%** Физичка или ментална попреченост
6 - **31,3%** Социјална положба
7 - **44,1%** Политичка позадина
8 - **14,6%** Здравствен статус

*Асистенти*




1 - **38,4%** Пол

2 - **36,6%** Религиозна припадност

3 - **21,2%** Сексуална ориентација

4 - **37,3%**Етничка припадност и јазик

5 - **19,8%** Физичка или ментална попреченост

6 - **29,3%** Социјална положба

7 - **40,9%** Политичка позадина

8 - **15,7%** Здравствен статус

*Студенти*




1 - **46,9%** Пол

2 - **57,5%** Религиозна припадност

3 - **50%** Сексуална ориентација

4 - **58%** Етничка припадност и јазик

5 - **42,3%** Физичка или ментална попреченост

6 - **50,5%** Социјална положба

7 - **55,2%** Политичка позадина

8 - **27,4%** Здравствен статус

*Факултет*



1 - **19,3%** Пол
2 - **23,2%** Религиозна припадност
3 - **14%** Сексуална ориентација
4 - **25,3%** Етничка припадност и јазик
5 - **15,8%** Физичка или ментална попреченост
6 - **22,6%** Социјална положба
7 - **30,2%** Политичка позадина
8 - **13,3%** Здравствен статус

***Министерство за образование***




1 - **24,1%** Пол
2 - **22,8%** Религиозна припадност
3 - **12,5%** Сексуална ориентација
4 - **24,4%** Етничка припадност и јазик
5 - **13,8%** Физичка или ментална попреченост
6 - **22,5%** Социјална положба
7 - **33,5%** Политичка припадност
8 - **10%** Здравствен статус

*Студентски прашања*




1 - **20%** Пол

2 - **20,6%** Религиозна припадност

3 - **13,8%** Сексуална ориентација

4 - **20,7%** Етничка припадност и јазик

5 - **14,1%** Физичка или ментална попреченост

6 - **19,9%** Социјална положба

7 - **23,6%** Политичка позадина

8 - **11,8%** Здравствен статус

*Студентски организации*



1 - **14%** Пол

2 - **18,5%** Религиозна припадност

3 - **13,5%** Сексуална ориентација

4 - **17,7%** Етничка припадност и јазик

5 - **13,7%** Физичка или ментална попреченост

6 - **18,1%** Социјална положба

7 - **24,9%** Политичка припадност

8 - **9,1%** Здравствен статус

***Студентски правобранител***




1 - **12,9%** Пол

2 - **14,3%** Религиозна припадност

3 - **11,7%** Сексуална ориентација

4 - **13,7%** Етничка припадност и јазик

5 - **10,8%** Физичка или ментална попреченост

6 - **12,9%** Социјална положба

7 - **18,7%** Политичка припадност

8 - **8,5%** Здравствен статус

Генерален заклучок е дека студентите се оние што најмногу вршат дискриминација. Дури 48,5% од испитаниците биле сведоци на барем една ситуација, кога нивните колеги дискриминирале, независно од основата. Најчеста основа врз која студентите дискриминираат е етничката припадност, односно, 58% од студентите изјавиле дека барем еднаш биле сведоци на ситуација во која студент дискриминирал врз етничка основа. 57,5% од испитаниците имаат колеги што, барем еднаш, дискриминирале на религиска основа. Следува дискриминацијата врз основа на политичкото убедување, односно, 55,2% од испитаниците изјавиле дека познаваат студенти што, барем еднаш, дискриминирале врз оваа основа.

По студентите, како најчест иницијатор на дискриминација, се посочени професорите. 32,1% од испитаниците одговориле дека биле сведоци, кога, барем еднаш, професорот дискриминирал, независно од основата. Како најчести основи врз кои дискриминираат професорите се посочени полот (44,5% од испитаниците посочиле дека, барем еднаш, биле сведоци на ситуација кога професорот дискриминирал врз оваа основа) и политичката припадност (44,1%, барем еднаш, засведочиле ситуација кога професорот дискриминирал врз оваа основа).

Студентскиот правобранител е посочен како субјект што најретко врши дискриминација. Меѓутоа, 18,7% од испитаниците посочуваат дека, барем еднаш, биле сведоци на ситуација кога студентскиот правобранител дискриминирал врз основа на политичката припадност.

## 2.6. Информираност и ставови во врска со дискриминацијата

Студентите од УКИМ не се запознаени со поимот „антидискриминација“. Во прашалниците дури 62,4% од испитаниците изјавиле дека не знаат што се афирмативни мерки (позитивна дискриминација[2]). Една претпоставка е дека

2 Афирмативни мерки се активности на надлежните државни органи што се насочени кон спречување на дискриминацијата и кон заштита од неа, односно кон намалување или кон елиминирање на фактичката нееднаквост, којашто настанала како резултат на претходна дискриминација.

незапознаеноста со оваа политика, односно со причините за нејзиното воведување, може да предизвика негативни ставови на оние што се среќаваат со неа во практиката. Од друга страна, пак, оној процент на студенти што се запознаени со поимот на позитивна дискриминација, покажуваат висок степен на нетолеранција. Процентот на оние што сметаат дека афирмативните мерки, врз која било основа, се оправдани се движи од 4,6% до 17% (во зависност од предложените опции) од вкупниот број на студенти што се запознаени со оваа политика.

**На прашањето дали знаете што е позитивна дискриминација, студентите одговараат:**




1 - **32.4%** знам
2 - **62,4%** не знам

Како што веќе беше изнесено, на Универзитетот постојат афирмативни мерки за прием на студенти врз основа на етничката припадност. 16,7% од студентите препознаваат дека овие мерки постојат и ги сметаат за оправдани.

Овие одговори ги имаат дадено само испитаниците што се имаат произнесено дека се запознаени со поимот на позитивна дискриминација. Интересен е фактот дека тие, како најзастапена, ја наведуваат позитивната дискриминација врз

политичка основа, која, всушност, и не претставува афирмативна мерка. Напротив, привилегирањето на едно лице поради политичката припадност, претставува дискриминација. 43,3% од студентите сметаат дека моментно постојат афирмативни мерки при уписот на факултет и нив не ги оправдуваат, додека 16,7% сметаат дека постојат и го оправдуваат постоењето.

42,9% од студентите не знаат дали постојат афирмативни мерки при уписот на факултет, 47,2% при стекнувањето на титула „асистент" или „професор", 44,7% при добивањето на легло во студентски дом, а 45% од студентите не знаат дали постојат при добивањето на стипендија.

Оттука произлегува потребата за подобро информирање на студентите за прашањето за дискриминацијата, воопшто, но и за посебните мерки и активности што имаат за цел да ја елиминираат воспоставената нееднаквост.

## 2.7. Запознаеност со правните акти, регулативи и механизми за заштита од дискриминација

Според спроведените анкети, само 13,9% од студентите се информирани за правните регулативи што го даваат правото на заштита од дискриминација. Дури 85,3% од студентите не се информирани за НИТУ ЕДЕН правен документ. Во однос на ова прашање не постојат значајни статистички разлики во однос на полот, етничката припадност и на местото на потекло меѓу студентите.

Само 2,8% од студентите се запознаени со Законот за спречување и за заштита од дискриминација, што покажува дека навистина треба да се работи на промоција на овој закон.

Исто така, на прашањето како можат да реагираат доколку препознаат дискриминација, врз која било основа, 37,7% од испитаните студенти одговориле дека не се воопшто информирани каде може да го сторат ова. Доколку забележат дискриминација, врз која било основа, не би пријавиле 14,33% од студентите. Како

најчеста причина за ова го наведуваат ставот дека, дури и да пријават, не би промениле ништо. Не знаат дали би пријавиле 12,4% од студентите, а 9,4% би пријавиле, но не знаат каде.

**Кога би забележале дискриминација, студентите би пријавиле кај:**




1 - **9,4%** Надлежни тела
2 - **8,9%** Деканат
3 - **4,6%** Студентски правобранител
4 - **3%** Студентски организации на факултетот
5 - **3%** Професор
6 - **2,3%** Полиција
7 - **1,5%** Медиуми
8 - **1,4%** Народен правобранител
9 - **1,4%** Студентски прашања
10 - **2,2%** Не би пријавил/а бидејќи сметам дека нема да променам ништо
11 - **6,2%** Би пријавил но незнам каде
12 - **8%** Не би пријавил од страв од последици

Оние што би пријавиле дискриминација, најчесто, го наведуваат деканатот како орган каде што би го сториле тоа, односно 13,46 % од студентите. 14% од студентите би пријавиле дискриминација кај надлежните тела (притоа, не наведувајќи кои се тие надлежни тела), а најмал процент, односно 7% од оние што одговориле дека би

пријавиле дискриминација, би пријавиле кај студентскиот правобранител.

На прашањето „Каде се информирав за начините на кои можам да реагирам доколку препознаам дискриминација врз која било основа?“ најголем број, односно 42,7% од студентите одговориле дека се информирале од медиумите. Дополнително, 29,3% од студентите се имаат информирано од невладина организација, а 21,4 % од факултетот.

**Студентите за начините како да препознаат и да се заштитат од дискриминација, најчесто се информираат од:**




1 - **47,2%** Медиуми
2 - 29,3% Невладини организации
3 - **21,4%** Факултет
4 - **15,4%** Професор
5 - **10,7%** Студентски правобранител
6 - **8,3%** СПУКМ
7 - **6,1%** Народен правобранител
8 - **37,7%** Не сум инфомиран воопшто

Од друга страна, студентите најмалку информации на темата „дискриминација“ добиле од Народниот правобранител и од СПУКМ.

Ваквиот податок не претставува посебно изненадување доколку се земат предвид резултатите добиени во процесот на пристап до информации од факултетите, УКИМ, СПУКМ и од другите релевантни тела при Универзитетот.

Имено, од факултетите беше побарано да одговорат на прашањето дали досега е организиран настан преку кој студентите ќе се запознаат со проблемот на дискриминацијата, со што ќе се придонесе за информирање за основите и за начините на заштита на нивните права во врска со ова прашање. Воедно, беше побарано и да дадат дескриптивно објаснување за настаните. Освен две високообразовни институции, останатите факултети одговорија дека досега немаат организирано ниту еден ваков настан. Технолошко-металуршкиот факултет посочи дека студентите на овој факултет имаат организирано една трибина на која, меѓу другото, било дискутирано и за прашањето за дискриминација. Подетален опис, или извештај за трибината не беше доставен. Педагошкиот факултет одговори дека во тек е спроведување на проект „Интеркултурно воспитание“, во кој се третира прашањето за дискриминација на факултетот. Исто како и кај Технолошко-металуршкиот факултет, за активностите на проектот и за тоа како тој е поврзан со прашањето за дискриминацијата не беше дадено објаснување.

Исто така, и Универзитетот одговори дека нема информации дали досега има организирано настан или активност, чија цел е кревање на свеста за проблемот со дискриминацијата во високото образование. На ниво на Универзитетот, досега не е разгледувано прашањето за антидискриминација.

Во приложениот одговор на ова прашање, СПУКМ наведе дека во сите свои активности промовира вредности што се против дискриминација на факултетите. Сепак, поопширен преглед на ова тврдење не беше приложен. Воедно, беше наведено дека досега СПУКМ има остварено соработка со многу организации што промовираат

антидискриминација, а како пример беа наведени Здружението на студенти со хендикеп и Ромскиот ресурсен центар. СПУКМ наведоа дека во сите меморандуми што ги потпишуваат со различни организации се вклучуваат и антидискриминацијата и еднаквоста меѓу студентите. Но, поради недостаток од јавно објавени документи на СПУКМ, и неажурираност на нивната интернет-страница, овие договори за соработка и меморандуми беа недостапни за да бидат вклучени во оваа анализа. СПУКМ наведе дека во иднина планира организирање трибини на факултетите на тема „дискриминација во високото образование". Се надеваме на заедничка соработка во врска со ова прашања и дека оваа анализа ќе служи како основа за поинтензивна активност на студентските тела во борбата против нееднаквоста на студентите, присутна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## 3. ПРАВНА РАМКА

Принципот на еднаквост, вклучувајќи ја и забраната за дискриминација, претставува уставна гаранција во Република Македонија, гарантирајќи им на сите граѓани еднаквост, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.[3] Покрај **Уставот**, како највисок правен акт, Универзитетите се обврзани да ги почитуваат одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација и **Законот за еднакви можности на жените и мажите**. Според **Законот за спречување и заштита од дискриминација** се забранува директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на полот, расата, бојата на кожата, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други видови уверувања, образованието, политичката припадност, личниот или општествениот статус,

3 Устав на Република Македонија, член 9.

менталната и телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба или која било друга основа што е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор.[4] Овој закон се применува во сите области на јавниот и на приватниот живот, во кои спаѓаат и образованието и науката, но и вработувањето и напредувањето во високообразовните институции. Во одредбата што забранува дискриминација не се наведени сите основи врз кои се забранува дискриминација, но, сепак, Уставот овозможува директна примена и на меѓународните документи на кои им пристапила Република Македонија, а кои предвидуваат и заштита од дискриминација и врз други основи, како што се сексуалната ориентација и родовиот идентитет.

Законодавецот, при формулирањето на законската рамка за заштита од дискриминација, ставил посебен акцент на воспоставувањето на еднакви можности на жените и на мажите, па во Законот за еднакви можности на жените и мажите, забранува дискриминација, вознемирување и сексуално вознемирување врз основа на полот, во јавниот и во приватниот сектор, во областите на вработувањето и трудот, образованието, науката и спортот, социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјалната заштита, пензиското и инвалидското осигурување, здравственото осигурување и здравствената заштита, правосудството и управата, домувањето, јавното информирање и медиумите, информатичко-комуникациските технологии, одбраната и безбедноста, членувањето и дејствувањето во синдикални организации, политички партии, здруженија и фондации, други организации засновани на членство, културата и други области определени со овој или со друг закон.[5] Од друга страна, пак, Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот и правилниците на одделните факултети ја формираат рамката за функционирање на високообразовните установи, односно на Универзитетот. Во согласност со Законот за високо образование, Универзитетот ја утврдува постапката за селекција на кандидатите за упис на начин

4 Закон за спречување и заштита од дискриминација, член 3 во врска со член 6.

5 Закон за еднакви можности на жените и на мажите, член 3 став 3.

што гарантира рамноправност на сите кандидати, без оглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, верата, политичкото или друго уверување, етничкото, националното или социјалното потекло, имотот, раѓањето, општествената положба, инвалидноста, сексуалната ориентација и на возраста. Законот не содржи одредби со кои се забранува дискриминацијата при уписот на факултет, студирањето, како и при вработувањето и напредокот во научната кариера за научниот кадар. Со цел воспоставување на принципот на еднакви можности во високообразовните установи, како за студентите, така и за научниот кадар, неопходно е преземањето на мерки што имаат за цел постигнување, не само на формална еднаквост предвидена со закон, туку и на фактичка еднаквост, која ќе резултира со еднаква можност за стекнување на високо образование и за напредок во научната кариера при високообразовните установи.

Мисијата на Универзитетот предвидува универзитет отворен за сите студенти врз основа на еднаквост и на резултати, без разлика на нивното идеолошко, политичко, етничко, културно и социјално потекло.[6] Понатаму, една од улогите и задачите на високообразовните институции е да му се даде можност секому, под еднакви услови, да стекне високо образование и да се образува во текот на целиот живот. Законот за високото образование не вклучува посебна одредба за забрана за дискриминација и за заштита од неа, туку единствено вклучува одредба со која посочува дека државјаните на Република Македонија, под еднакви услови, имаат право на образование на високообразовните установи во Република Македонија и да се образуваат во текот на целиот живот. Еден од начините да се елиминира нееднаквоста во пристапот до високообразовна институција и до стекнувањето со диплома, е да се забрани дискриминацијата во високообразовните установи. Оттука, произлегува дека законската рамка за високо образование, ниту забранува дискриминација, ниту, пак, нуди заштита во случај на дискриминација.

6 http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=5&glavno=1. Посетена на 12.3.2013 г.

Универзитетот е составен од единици, како што се факултетите и научните институции, а може да се формираат и уметнички академии и високи стручни школи. Одделните единици на Универзитетот имаат свои права и обврски утврдени со Статутот на Универзитетот.[7] Органи на Универзитетот се: Универзитетски сенат, ректор и ректорска управа, а Универзитетот формира и Универзитетски совет, тело што функционира во рамките на Универзитетот. Универзитетскиот сенат при Универзитетот, во согласност со надлежностите од Законот за високото образование[8], на седница донесува Статут на Универзитетот и дава согласност за правилниците на единиците во рамките на Универзитетот. На седница, во 2008 година, Сенатот го донесе Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје[9], а во 2012 г. изврши измена и дополнување на Статутот.[10] Единиците на Универзитетот својата работа, надлежностите, правата и обврските ги регулираат со правилници. Пред да влезат во сила, Сенатот дава согласност за содржината на правилниците на единиците на Универзитетот, што укажува на можноста Универзитетот да интервенира и во политиките на одделните факултети.

Предмет на уредување на Универзитетот, меѓу другото, е заштитата на автономијата на Универзитетот, преку зачувување на неповредливоста на универзитетскиот простор и на заштитата на извршувањето на високообразовната и на друга дејност што ги загрозува правата на членовите на академската заедница, насочена кон дискриминација на човекот и на граѓанинот, сврзана со полот, расата, бојата на кожата, националната и етничката припадност, социјалното потекло, политичкото и верското убедување и припадност, возраста, имотната и општествената

7 Статут на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“–Скопје, член 55. 6.

8 Службен весник на Република Македонија, бр. 35/2008; бр. 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013 Закон за високото образование.

9 На втората седница, одржана на 16 септември, 2008 година, и на вонредната седница одржана на 13 ноември, 2008 г., Сенатот го донесе Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“–Скопје. Собранието на Република Македонија донесе одлука за давање согласност на Статутот и оваа одлука е објавена во Службен весник, бр. 156/2008.

10 На 29. седница одржана на 28.12.2010 година; на 35. седница одржана на 23.6.2011 година и на 38. Седница, одржана на 30.11.2011 година, од страна на Сенатот беа донесени измена и дополнување на Статутот.

положба.[11] Во следниот став на истиот член на Статутот се забранува политичко и религиозно организирање и дејствување на Универзитетот, освен активностите што се остваруваат преку форми со кои се разменуваат идеи и мислења. Понатаму, на Универзитетот и на единиците се забранува политичко и верско организирање и дејствување, како и истакнување партиски и верски обележја.[12] Листата на основи врз кои студентите и останатите членови на академската заедница се заштитени од дискриминација е ограничена и дава заштита само за основите набројани во Статутот.

Со цел обезбедување на соодветна заштита од дискриминација, Статутот треба да содржи одредба со која ќе се забранува дискриминација на студентите и на академскиот кадар и ќе се овозможи еднаков третман во стекнувањето на образованието и во напредувањето во академската кариера. Исто така, неопходно е проширување на листата на основи врз кои одредено лице може да биде дискриминирано и да се остави отворена листата, т.е. да може да биде дополнувана, во согласност со развивањето на националното законодавство и со меѓународните стандарди во заштитата на човековите права.

Пристапот на студентите до Универзитетот и до студирањето на трите циклуси на универзитетски студии се регулира со **Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии**[13] и со **Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии** на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"–Скопје.[14] Овие акти не содржат одредба што забранува дискриминација на студентите и на академскиот кадар во запишувањето, студирањето и во стекнувањето диплома во одделните универзитетски циклуси. Имено, само Правилникот за

11 Член 8 од Статутот
12 Член 13 од Статутот
13 Универзитетски гласник, бр. 141, од 4.8.2009 година
14 Универзитетски фласник, февруари, 2010 година

условите, критериумите и правилата за запишување и за студирање на прв и на втор циклус универзитетски студии предвидува дека „странските државјани и лицата без македонско државјанство имаат право на упис на студии под еднакви услови како и македонските државјани, но во согласност со одлуката на Сенатот плаќаат полна цена на студирање“.[15]

Предмет на уредување на Статутот, покрај другото, се и правата и обврските на студентите, правото на управување на студентите и на функционирањето на студентскиот правобранител. Во членот 322, став 2 од Статутот се предвидува финансиско олеснување за одредена категорија студенти, кои можат да студираат без плаќање на партиципација и без кофинансирање на студиите, и тоа студенти што се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и од втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализирани студенти. Со оваа одредба, Универзитетот дава можност за студирање и олеснување на студиите за група на студенти за кои ваквата мерка може да биде поттикнувачка да запишат студии или да ги продолжат започнатите студии. Резултатите од теренот укажуваат дека оваа мерка на финансиско олеснување не е доволна за овозможување на лицата со посебни потреби да студираат. Имено, само 7 факултети одговориле дека во моментот постојат лица со посебни потреби што ја посетуваат наставата. Така, на Машинскиот и на Стоматолошкиот факултет има по тројца студенти, а на Факултетот за информатика 10 студенти со посебни потреби. Останатите факултети не дале информација за бројот на студенти со посебни потреби што следат настава.[16] Оттука, се наметнува потребата од развивање на политики и активности, чии резултати ќе бидат насочени кон зголемување на бројот на лица со посебни потреби во високото образование.

15 Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски струдии, член 4, став 4

16 До сите факултети беше поставено прашањето „Дали на вашиот факултет има студенти што влегуваат во категоријата на студенти со посебни потреби?“ На прашањето одговор доставиле Машинскиот факултет, Стоматолошкиот факултет, Факултетот за информатички науки, Филолошкиот факултет, Филозофскиот факултет, ФЕИТ, Педагошкиот факултет, Правниот факултет и Економскиот факултет.

Статутот не предвидува други афирмативни мерки насочени кон спречување на дискриминацијата и кон заштита од неа врз други основи, односно кон намалување или елиминирање на фактичката нееднаквост, која настанала како резултат на претходна дискриминација.

Секоја учебна година, Владата, во согласност со Законот за високо образование донесува  одлука со која го утврдува бројот на студенти што можат да се запишат во прва година на јавните високообразовни установи. Посебено значаен во постапката за прием на студенти е Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии, каде што е наведено дека Владата на Република Македонија донесува одлука и за дополнителни квоти за запишување студенти-припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.[17] Таква одлука, за учебната 2012/2013 година,, Владата има донесено на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ –Битола, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Државниот Универзитет во Тетово и на Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид.[18]

Со цел обезбедување на правична и соодветна застапеност на студентите-припадници на заедниците, за учебната 2012/2013 г., утврдено е дека на високообразовните институции ќе се запишат студенти-припадници на заедниците, чиј број не е повисок од 10% од вкупниот број на студенти што се запишуваат во прва година на ниво на факултет.[19] Во рамките на овој процент, треба соодветно да бидат застапени сите заедници до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Македонија. Доколку одредени студиски програми

17 Универзитетски гласник, бр. 141, од 4.8.2009 година. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии, член  став 5.

18 Службен весник на Република Македонија, бр. 49/2012. Одлука за дополнителните квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија во прва година на јавните високообразовни установи на Универзитетот Св Кирил и Методиј – Скопје, Универзитетот Св. Климент Охридски – Битола, Универзитетот Гоце Делчев – Штип, Државниот Универзитет во Тетово и Универзитет за информатички науки и и технологии Св Апостол Павле во Охрид за учебната 2012/2013 година.

19 Овој процент е предвиден и во претходните учебни години: 2011/2012 и 2010/2011.

постојат на Државниот Универзитет во Тетово, студентите-припадници на албанската заедница, на останатите високообразовни институции, ќе се запишуваат во редовната квота. Ова е единствена мерка, која Владата, но и Универзитетот, во изминатиот период ја преземале, со цел да овозможат соодветна и правична застапеност на помалку застапените студенти.

Понатаму, Правилникот за условите, критериумите и за правилата за запишување и студирање на прв и на втор циклус универзитетски студии предвидува дека постапката за селекција на кандидатите за запишување гарантира рамноправност на сите кандидати, без оглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, верата, политичкото или друго уверување, етничкото, националното или социјалното потекло, имотот, раѓањето, општествената положба, инвалидноста, сексуалната ориентација и на возраста. Ова е значајна одредба, која го промовира принципот на недискриминација, утврдувајќи широка листа на основи врз кои студентот може да биде дискриминиран, вклучувајќи ја и сексуалната ориентација. Ова е единствен документ што се применува на Универзитетот, а кој гарантира заштита од дискриминација врз основа на сексуалната ориентација. Сепак, листата на основи врз кои на студентите им се гарантира еднаков пристап до високото образование е затворена и не остава простор за примена на основи што не се набројани во правилникот. Оттука, неопходно е да се остави отворена листа на основи, која ќе може да се усогласува со развојот на националните и на меѓународните стандарди за заштита од дискриминација.

Покрај Статутот, Универзитетот донесува и **Етички кодекс**, кој академската заедница има обврска да го применува.[20] Ова е значаен документ во процесот на воспоставување и на развивање на политика на еднакви можности и на

20 Во согласност со членот 4 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“–Скопје, академската заедница ја сочинуваат лицата избрани во наставно-научни, научни и во соработнички звања и студентите. Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по нивното пензионирање.

недискриминација на Универзитетот. Кодексот во себе содржи вредности и норми што се задолжителни за сите наставници, студенти и вработени на Универзитетот. Според него „сите дејци, наставници, студенти и научни кандидати на Универзитетот се рамноправни“. На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се негува еднаквост и рамноправност на сите во неговите редови и надвор од нив – не се прави никаква разлика во однос на полот, расата, верата, етничката припадност, мајчиниот јазик и социјалниот статус на личноста. Оттука, принципот на еднаквост и на недискриминација е вклучен во Етичкиот кодекс, но е ограничен на неколку дискриминациски основи и листата на основи врз кои може член на академската заедница да биде дискриминиран е затворена. Ова, уште еднаш, ја потврдува лимитираната примена на еднаквоста и на рамноправноста на Универзитетот, што наметнува потреба од ревидирање на основите, како и од проширување на листата на основи врз кои некој може да биде дискриминиран на Универзитетот. Исто така, неопходно е да се остави отворена листа на основи за дискриминација, која може да се проширува и развива, во согласност со развојот на меѓународните стандарди за заштита од дискриминација.

Во Етичкиот кодекс е наведено: „На Универзитетот нема место за насилство, притисок и за поткуп. Не е дозволена корупција, морално и сексуално злоставување и тој се бори против нив“. Понатаму стои „Универзитетот ги осудува најгрдите морални појави. Тој не дозволува во академскиот свет криминал, зависности и нивно ширење и застапување, трговија со луѓе и други видови неетички и злосторнички дејства.“ Во овој дел, Кодексот осудува криминал, корупција, морална и сексуална злоупотреба, трговија со луѓе и други злосторнички дејства за кои, според позитивните законски прописи, постои кривична одговорност и кривична санкција. Сепак, нејасно е како зависноста (иако не е наведен видот на зависност) се поистоветува со наведените кривичните дела. Со ваквата формулација се поддржува негативниот стереотип кон зависноста како криминално дејство, а се занемарува здравствениот аспект на која било зависност. Поради ова, неопходно е да се редефинира како Универзитетот ќе ги третира кривичните дела за кои е, всушност, утврдена постапка за нивно гонење,

а зависноста од кој било вид да се избрише од овој дел, бидејќи придонесува кон потврда на негативниот стереотип за лицата со зависности и кон нивна дискриминација во процесот на остварување на високото образование и на напредок во академската кариера.
Понатаму, Кодексот наведува: „Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" се застапува за единствен свет и за соработка на сите луѓе во светот, како и за плурализам на интелектуалните ставови и на политичките погледи, а е против ставовите со кои луѓето се негираат според некоја природна карактеристика, социјална положба или духовна определба". Етичкиот кодекс, во овој дел, го промовира плурализмот на идеи и ставови, кои не треба да ги негираат природните карактеристики, социјалната положба или духовната определба на студентите и на академскиот кадар на Универзитетот.

Во однос на промовирањето на принципот на еднакви можности, Кодексот наведува дека „Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" посебно се застапува за фер оценување, за регуларност на приемните и на другите испити и за правилно доделување стипендии, грантови и други видови материјална поддршка на студентите за нивно живеење, студирање и научно работење". Посебен акцент се става на „заштитата на студентите, специјализантите, младите научни работници и на женските личности во своите редови од секаков вид притисок, уцени и малтретирање". И покрај пишаните заложби, резултатите од теренот укажуваат дека студентите сè уште се среќаваат со дискриминација, па дури 45,05% од испитаните студенти одговориле дека, барем еднаш, во текот на студирањето забележале дискриминација на студенти врз основа на политичката припадност. Исто така, податоците укажуваат дека 44,4% од студентите забележале дискриминација врз основа на етничката припадност при уписот на факултет.

Посебно значен аспект, кој е опфатен во Кодексот, е делот каде што се вели дека „на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ не се манипулира со научните сознанија, ниту се користат за нехумани и неетички цели“. Ова упатува дека Универзитетот треба редовно да ја ревидира содржината на наставните програми и на наставните помагала што се користат, со цел да се обезбедат објективни, научно засновани информации, кои студентите ги добиваат во текот на високото образование. Учебниците, покрај различните активности и настани што ги организираат факултетите, се примарен извор на информации за студентите. Во едно од прашањата што беа испратени до факултетите беше поставено прашањето за постоењето на предмети во кои се изучува материјата за дискриминација. Од 23 факултети, 8 факултети одговорија дека во дел од нивните предмети се споменува или се третира прашањето за дискриминација. Во зависност од факултетот, кај одредени високообразовни институции, оваа материја е застапена во задолжителните предмети, а кај дел од нив во изборните предмети. Она што може да се забележи од приложените програми на предметите во кои се третира прашањето за антидискриминација е дека, најчесто, се работи за кратки делови во учебниците, во кои општо се зборува за оваа појава, или се дискутира за одредени политики против дискриминацијата. На Правниот факултет во САМО ЕДЕН предмет се третира прашањето за дискриминација. На Филозофскиот факултет постои Институт за родови студии и дефектологија, каде четиригодишните студии се целосно ориентирани во духот на антидискриминацијата.

Од друга страна, досегашните истражувања на Коалицијата, за содржините што се изучуваат во образовниот систем во Република Македонија, укажуваат на фактот дека сè уште се користат учебници што поддржуваат негативни стереотипи и дискриминираат врз различни основи. Така, од анализата „Хомосексуалноста во образованието во Република Македонија“[21], детектирани се осум учебници што се користат во високото образование, а кои се спротивни на позитивните обврски на државата да обезбеди недискриминација во образованието. Анализата

21 Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“–Скопје. Хомосексуалноста во образованието во Република Македонија, Скопје 2011

посочува мноштво хетеросексистички и хомофобични ставови отфрлени од релевантни здравствени и научни организации во светот: содржини во кои се патологизира хомосексуалноста, во кои се стигматизираат ЛГБТ лицата (лезбејки, геј, бисексуалци, трансродни лица) како девијантни и ненормални, во кои се занемаруваат ЛГБТ темите, вклучително и дискриминациски содржини, во кои се пропагираат религиозни норми.[22] Република Македонија има обврска да обезбеди образование насочено кон целосниот развој на личноста и кон почитување на човековите права и слободи. Поради ова, образованието треба да биде ослободено од дискриминација врз сите основи и во сите форми. Значаен аспект во спречувањето на дискриминацијата во образовниот процес и во заштитата од неа е редовното следење на содржините што се изучуваат на Универзитетот. Во овој контекст беше побарана и информацијата дали до сега, на ниво на некое тело на факултетот, е разгледувано прашањето за дискриминација, односно антидискриминација. Повторно добивме НЕГАТИВЕН одговор од сите факултети.

Во таа смисла, мора да се усвојат документи што ќе овозможат постигнување на еднаков третман на сите, но и ревидирање на сите содржини од наставната програма на одделните факултети, со цел отстранување на спорни содржини, кои претставуваат дискриминација врз која било основа, или ги поддржуваат закоравените стереотипи кон одредени групи, што понатаму поттикнува дискриминација. Во насока на ова е и изјавата на специјалниот известувач за правото на образование при ОН дека сите лица имаат право на образование, без дискриминација врз основа на нивните сексуална ориентација и родов идентитет.[23]

Илустрација на оваа позитивна обврска на државата е одлуката на Европскиот комитет за социјални права, по апликацијата на Интерајтс против Хрватска. Комитетот, во 2009 година, заклучи дека во еден учебник по биологија постоеле дискриминациски ставови и дека тоа претставува повреда на правото на заштита на

22 Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници"–Скопје. Хомосексуалноста во образованието во Република Македонија, Скопје 2011, стр. 8

23 Report of the United Nations Special Raporteur on the Right to education http://www.right-to-education.org/sites/r2e.gn.apc.org/files/SR%20Education%20Report-Human%20Right%20to%20Sexual%20Education.pdf

здравјето, загарантирано со Европската социјална повелба. Имено, државата има обврска да обезбеди „ефективно спроведување на правото на заштита на здравјето со помош на недискриминациско образование за сексуалното и за репродуктивното здравје“.[24]
Понатаму, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија најостро реагираше на публикацијата и на употребата на три учебници што активно се користат од страна на студентите на факултетите за медицина, стоматологија и за психологија. Хелсиншкиот комитет забележа дека „во сите овие учебници хомосексуалноста се третира како болест и како социопатолошка појава и како растројство на сексуалниот нагон“.[25]

Од анализата на документите донесени на Универзитетот, може да се заклучи дека Статутот и Етичкиот кодекс не се усогласени со националното и со меѓународното законодавство за заштита од дискриминација и за промовирање на принципот на еднакви можности. Неопходно е да се прошири и да се отвори листата на основи врз кои студентите и академскиот кадар може да бидат жртви на дискриминација, како и експлицитно да се забрани секој облик на директна и на индиректна дискриминација, на поттикнување на дискриминација и на вознемирување на Универзитетот.

## 4. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА СТУДЕНТИТЕ

Во Статутот се предвидени три модели на заштита на правата, интересите и на барањата на студентите, преку студентскиот правобранител и преку Студентскиот парламент, како форми на самоорганизирање на студентите, и преку Комисијата за жалби на  студентите, основана од страна на Универзитетот.

24 http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/socialcharter/complaints/CC45Merits_en.pdf
25 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија. Месечен Извештај за состојбата со чоевековите права во Република Македонија, мај, 2010 година.

### 4.1. Студентски парламент

Студентскиот парламент е основна форма на организирање на студентите на Универзитетот. Студентскиот парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- СПУКМ е здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на студентите, независно од нивната национална, верска и полова припадност, заради остварување и вршење на активности со цел застапување на заеднички интереси пред Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, студентскиот интеруниверзитетски парламент и пред органите на Република Македонија, јавноста и пред јавното мислење.[26] Студентскиот парламент е легитимен претставник на студентите. Повеќето од факултетите, во одговорот на прашањето дали постои тело до кое може да се обрати студент во случај на дискриминација, иако наведоа дека не постои специјално тело во склоп на факултетот, го споменуваат СПУКМ, како тело до кое студентите би требало да алармираат во случај на дискриминација. Сепак, преку алатката за слободен пристап до информации, дојдовме до податокот дека до ова тело досега не постои НИТУ ЕДЕН пријавен случај на дискриминација на студент. Исто така, според добиените одговори од студентите на прашањето за тоа каде би пријавиле дискриминација, само 3% одговориле дека би алармирале до СПУКМ.

Членови на студентскиот парламент се сите редовни и вонредни студенти запишани во прв, втор и во трет циклус студии на Универзитетот. Пратеник во студентскиот парламент може да биде секој студент што е на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“–Скопје и е државјанин на Република Македонија.[27] Ова ограничување на македонско државјанство како услов за пратеник е спротивно на одредбата од Законот за високо образование, каде што се овозможува странски државјани, со

26 Собранието на Студентскиот парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“–Скопје, на седницата одржана на 24.2.2009 година, донесе Статут на студентски парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член 1.
27 Статут на студентски парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член 3.

примена на начелото на заемност, да се образуваат на високообразовните установи во Република Македонија под еднакви услови како и државјаните на Република Македонија.

Понатаму, во член 150 на Законот за високо образование, се наведени правата на студентите, меѓу кои и правото студентот да избира и да биде избиран како претставник на студентите во органите на високообразовната установа; да учествува во работата на студентските организации; да учествува во формите на организирање на студентските организации утврдени со статутот на Универзитетот. Оттука, потребно е да се усогласат одредбите на Статутот на Парламентот со Законот за високото образование и да се овозможи еднаков пристап на сите студенти до формите на организирање на студентите и до органите на Универзитетот, каде што студентите имаат свои претставници.

Секој факултет формира матичен студентски парламент. Постапката за избор на претседател на Студентскиот парламент на Универзитетот, изборите за пратеници на Студентскиот парламент на факултетите, како и изборот на претседател на студентските парламенти на факултетите се регулира со Правилник за спроведување на избори за претседател на Студентскиот Парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и на факултетите, членки на УКИМ.[28]

Со цел овозможување на еднаков пристап на сите студенти до Парламентот, раководните места на студентскиот парламент на Универзитетот и до одделните факултети, неопходно е овој правилник да го промовира и овозможи спроведувањето на принципот на еднакви можности и на недискриминација во процесот на предлагање, номинирање и на избор на претставници и на претседатели во Парламентот. Правилникот им овозможува, единствено на кандидатите, еднакви

28 Врз основа на член 31 од Статутот на Студентскиот парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Медодиј“–Скопје и членовите 392 и 395 од Статутот на Универзитетот Св. Кирил и Медодиј- Скопје, Студентскиот парламент на Универзитетот, на седницата одржана на ден 14.9.2013 година, со 2/3 мнозинство гласови го усвои пречистениот текст на Правилникот за спроведување на избори за претседател на Студентскиот Парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и на факултетите, членки на УКИМ.

можности за претставување пред студентите[29], но не им овозможува и еднакви можности на студентите, во стекнувањето на статусот на кандидат и во изборот. Исто така, неопходно е да се елиминира неусогласеноста на Статутот со Законот за високо образование, со кој се ограничува можноста странски студенти да учествуваат во процесот на предлагање, номинирање и на избор на претставници и на претседатели на парламентот.

Една од основните цели на Парламентот се заштита и остварување на студентските права во сите сфери. Ова подразбира дека Парламентот се грижи и за заштита од дискриминација и за почитување на принципот на еднакви можности на студентите во пристапот и во остварувањето на високото образование. Од направената анализа на интернет-страницата на Студентскиот парламент, не е достапен текстот на Статутот на студентскиот парламент, ниту правилникот за избор, што укажува на нетранспарентност и на нееднаков пристап на сите студенти до информациите за можна кандидатура или за избор во Парламентот или во изборните комисии, кои ги спроведуваат изборите. На интернет-страницата достапна е само програмата за работа на Парламентот, каде што, воопшто, не се реферира на активности поврзани со заштитата од дискриминација на студентите и на промовирањето на принципот на еднакви можности.

Оттука, се наметнува потребата да се ревидира програмата на Парламентот со вклучување на посебна активност, која ќе биде насочена кон промовирање на недискриминација и на еднакви можности на студентите, како и на можностите за пријавување на случаи на дискриминација и за постапување по нив. Ова дополнување на програмата треба да биде само една алка во целиот систем за заштита на правата на студентите од нееднаков третман, кој ќе биде дополнет и со проширување на надлежностите на останатите механизми за заштита на правата на студентите.

29 Правилник за спроведување на избори за претседател на Студентскиот парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и на факултетите, членки на УКИМ, Член 33, став 2.

Во едно од прашањата што беа доставени до СПУКМ беше побарана информацијата дали досега оваа студентска организација има донесено акти со кои промовира антидискриминација. Од СПУКМ беше наведена „Националната студентска декларација“, во која пишува: „Секој потписник на декларацијата се залага да се бори за обединување на сите студенти, без разлика на нивната етничка, студентска, полова, национална, верска  и расна основа“. Воедно, беше наведен и членот од Статутот, според кој член на СПУКМ може да биде секој домашен државјанин. Нашиот став за овој член беше веќе образложен.

## 4.2. Студентски правобранител

Студентскиот правобранител е значаен механизам во заштитата на правата на студентите, особено на индивидуалните случаи на повреда. Во таа смисла, треба да се усогласат работата и надлежностите на студентскиот правобранител, кој, исто така, е еден од механизмите што ги штитат правата на студентите, утврдени во актите на Универзитетот, на единиците на Универзитетот и на Законот.[30]

Мандатот на студентскиот правобранител е за време од две години, без право на повторен избор. Студентскиот правобранител дава свечена заклетва пред Сенатот дека својата функција ќе ја врши одговорно, во рамките на Законот и на актите на Универзитетот.[31] Работата на студентскиот правобранител се регулира со правилник за изборот, разрешувањето, надлежноста и за работата на студентскиот правобранител на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“–Скопје, донесен од Универзитетскиот сенат. [32]Секоја единица на Универзитетот има заменик-студентски правобранител, кој е избран од студентскиот правобранител, по предлог на студентскиот парламент за време од две години.

30  Статут на Универзитетот, член 341.

31 Статут член 343.

32 Универзитетски гласник, бр. 142, 1 септември 2009 година.

Правилникот, кој ги регулира изборот и работата на студентскиот правобранител, не содржи одредба што го промовира принципот на еднакви можности на сите студенти што ги исполнуваат условите за правобранител и на заштита од дискриминација во постапката за предлог и за избор на студентскиот правобранител, иако е наведено дека основните принципи на работа на студентскиот правобранител се непристрасност, недискриминација, доверливост, достапност, одговорност, отчетност и законитост.[33]

Според правилникот, студентскиот правобранител има надлежност да посредува во спорови меѓу студентите и професорите, студентите и единиците на Универзитетот, студентите и универзитетската администрација; да дава препораки во конкретни случаи, со цел разрешување на спорови; да презема активности за кои е надлежен, и по сопствено наоѓање, за што е потребна согласност од студентот кому му се повредени правата; да ги става на јавна дискусија прашањата поврзани со системот на заштита на студентските права и со кршењето на студентските права и заклучоците од тие прашања да ги промовира, со цел подобрување на квалитетот на високото образование и заштита на студентските права.

Воедно, ако студентскиот правобранител установи прекршување на одредено право на студент, составува извештај со констатации и со препорака за утврдената состојба и го поднесува до единицата за преземање соодветни мерки за отстранување на повредата. Овој извештај се поднесува до деканот на факултетот. Доколку тој не преземе соодветни мерки, препораката се доставува до наставно-научниот совет на истиот факултет. Сепак, генерална забелешка е дека овие извештаи не се задолжителни за наведените органи и немаат правна сила.

Правилникот не наведува надлежност на студентскиот правобранител во постапување по пријава на случај на дискриминација. Еден од начините за постигнување на еднаков третман на студентите во пристапот и во остварувањето

33 Универзитетски гласник, бр. 142, 1 септември 2009. Правилник за изборот, разрешувањето, надлежноста и работата на Студентскиот правобранител на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“–Скопје, Член 3, став 3

на високото образование на Универзитетот е создавање на силен и ефикасен механизам за заштита од дискриминација, кој ќе им биде лесно достапен на сите студенти. Според одговорите на студентите добиени со теренското истражување, студентскиот правобранител е препознаен како механизам што би требало да ги штити правата на студентите, но, сепак, мал е бројот на студенти што би го пријавиле случајот кај правобранителот.[34] Од друга страна, пак, во одговорот на студентскиот правобранител, стои дека, од воспоставувањето на овој механизам до денес, не е поднесена ниту една претставка за случај на дискриминација на студент.

Оттука, неопходно е да се преземат активности кон зајакнување на правобранителот и кон промовирање на неговата работа меѓу студентите. Исто така, треба да се пристапи кон проширување на надлежноста на студентскиот правобранител, односно, експлицитно да се наведе дека студентскиот правобранител има надлежност да постапува во случај на дискриминација на студенти од страна на Универзитетот, одделните единици или од стручните служби. Оваа одредба ќе биде во согласност со погоре предложената одредба со која треба да се дополни Статутот и ќе претставува дополнување со кое ќе се забрани дискриминација на Универзитетот врз повеќе основи, во согласност со Уставот, законите и со меѓународните договори ратификувани од страна на Република Македонија. Студентскиот правобранител мора да се промовира како механизам и мора да биде препознаен од студентите како прва инстанца во брзата и ефикасна заштита на нивните права, вклучувајќи ја и заштитата од дискриминација.

### 4.3. Комисија за студентски жалби

Покрај Студентскиот парламент и студентскиот правобранител, како модел за заштита на правата на студентите, Статутот на Универзитетот ја предвидува и

34 Резулатат‍ите укажуваат дека 14,33% од студентите што забележале дискриминација, неа не би ја пријавиле, додека 9,4% би пријавиле, но не знаат каде. Од студентите што би пријавиле дискриминација, 7% би пријавиле кај студентскиот правобранител.

Универзитетската комисија за студентски жалби. Комисијата ја формира Универзитетот, а се состои од пет члена: еден претседател и четири члена, со нивни заменици. Комисијата е составена од три наставници, еден од Службата на Универзитетот и еден студент. Членовите на Комисијата ги избира Сенатот за време од четири години, а само членот-студент се избира на предлог на Студентскиот парламент за време од две години.[35] Комисијата за студентски жалби одлучува за правата на студентите, кога им се повредени со акт на единиците и на органите на Универзитетот, ако нивната заштита не е обезбедена пред други органи, во согласност со Законот, Статутот и со други акти на Универзитетот и на единиците. Прашањата за кои одлучува комисијата за жалби, начинот на постапување и актите што ги донесува се утврдуваат со акт на Сенатот.

Од досегашната анализа, не се пронајдени информации дали оваа Комисија, воопшто, е формирана и на кој начин работи. И во одговорите на студентите во теренското истражување, никој ја нема наведено Комисијата за студентски жалби како механизам за заштита од дискриминација, што укажува на неинформираност кај студентите дека воопшто постои овој механизам за заштита на правата на студентите.

## 4.4. Механизми за заштита од дискриминација

Во досегашната анализа фокусот е ставен на механизмите за заштита на правата на студентите и на научниот кадар достапни во рамите на Универзитетот. Во согласност со Законот за заштита од дискриминација и со Законот за еднакви можности, предвидени се механизми за заштита од дискриминација и сите граѓани можат да бараат заштита од дискриминација врз различни основи наведени во конкретните закони, но и во меѓународните договори потпишани и ратификувани од

35 Статут на Универзитетот, член 345

страна на Република Македонија. Така, студентите и научниот кадар на Универзитетот можат да бараат заштита од дискриминација пред следните механизми:

***А) Правен застапник, во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите***

Секое лице што смета дека му е повредено правото на еднаков третман врз основа на полот, може да поднесе претставка до правен застапник. Правниот застапник е лице вработено како државен службеник во Министерството за труд и социјална политика и е задолжено да ја води постапката за утврдување на нееднаков третман на жените и на мажите.

***Б) Народен правобранител, во согласност со Законот за народен правобранител и со Законот за еднакви можности на жените и мажите***

Според Уставот на Република Македонија, Народниот правобранител е надлежен да ги штити уставните и законските права на граѓаните, кога тие им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања. Народниот правобранител има формирано одделение за заштита од дискриминација, каде што презема дејства и мерки за заштита од дискриминација. Народниот правобранител е овластен да постапува по жалби од студенти и од членови на академскиот кадар во случаите на дискриминација. Сепак, според добиениот одговор од Народниот правобранител, по испратеното барање за пристап до информации, дојдовме до податок дека, досега, до ова тело не е поднесена НИТУ ЕДНА претставка во врска со дискриминација на студент.

***В) Комисија за заштита од дискриминација, во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација.***

Комисијата е независен орган, кој постапува по претставки, дава мислење и препораки за конкретните случаи на дискриминација; на подносителот на претставката му дава информации за неговите права и можности за отпочнување на судска или на друга постапка за заштита; воспоставува иницијатива за поведување на постапка пред надлежните органи поради сторени повреди на овој закон; ја информира јавноста

со случаите на дискриминација и презема активности за промоција на еднаквоста и за едукација за неа, за човековите права и за недискриминацијата; го следи спроведувањето на овој закон, иницира измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација; им дава препораки на државните органи за преземање на мерки за остварување на еднаквоста; дава мислења по предлози на закони со значење за заштита од дискриминација; прибира статистички и други податоци, формира бази на податоци, спроведува студии, истражувања и обуки во врска со дискриминацијата итн.

***Г) Заштита од дискриминација пред суд.***

Во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација, лицата што се дискриминирани, може да поднесат тужба за утврдување на дискриминација пред надлежен суд.

## 5. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА НАУЧНИОТ КАДАР

Високообразовната, научно-истражувачката и уметничката дејност на факултетите и на институтите ја остваруваат лица избрани во наставно-научни звања, научни звања, наставно-стручни и во соработнички звања, во согласност со Правилникот за критериумите и за постапката на избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и во соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.[36] Со овој правилник се уредуваат критериумите и постапката на избор во наставно-научни звања, научни звања, наставностручни и во соработнички звања. Соработниците на факултетите и на институтите се избираат во звањата: помлад асистент, асистент, помлад лектор и уметнички соработник.

Изборот во доцент, вонреден професор, како и изборот во наставно-стручни, наставни и во соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот,

36 Универзитетски гласник, бр. 138, од 6 јули, 2009 година. Правилник за критериумите и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и во соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“–Скопје.

односно наставно-научниот совет на институтот. Изборот во редовен професор и во научен советник го врши Универзитетскиот сенат, по предлог на наставно-научниот совет на факултетот, односно на институтот.

Доколку се јави потреба, на факултетите и на институтите може да се изберат демонстратори. Одлуката за потреба од демонстратори ја донесува деканската, односно институтската управа, по предлог на организациската единица на факултетот, односно на институтот. Врз основа на одлуката за потреба од демонстратор, деканот, односно директорот распишува интерен оглас за избор на демонстратор. Деканската, односно институтската управа формира комисија, која треба да изготви реферат за сите пријавени кандидати и го доставува до наставно-научниот совет, кој, пак, треба да ја донесе одлуката за избор на демонстратор. Правилникот ја утврдува процедурата за избор во наставно-научни звања, научни звања, наставно-стручни и во соработнички звања на кандидатите, но не забранува дискриминација, ниту заштита од дискриминација во случај на нееднаков третман на кандидатите за избор.

Ова е клучен принцип, кој, неопходно, мора да биде содржан во процедурите за добивање на звања и за напредување во научната кариера, заснован врз соодветни вредности, квалификации, способности и врз индивидуалниот потенцијал на академскиот кадар. Начинот на кој сега се води постапката за избор не овозможува заштита од дискриминација на академскиот кадар, што може да се демонстрира низ конкретни случаи. Така, Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ има документирано случај на повреда на правата на кандидатка за помлада асистентка на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет на Универзитетот.

Ирена Цветковиќ две години беше ангажирана на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет во Скопје. Во согласност со членот 19 од правилникот, за помлад асистент може да биде избрано лице што има завршено академски студии од втор циклус од соодветната научна област или постдипломски магистерски студии

според Законот за високо образование, со просек над 8,00 (осум), кое се служи седен од светските јазици и покажува способност за наставно-научна, наставно-стручна работа и особен интерес кон областа.[37] Наставно-научниот совет донесе одлука за распишување конкурс за кандидати  кој, во согласност со правилникот, беше објавен во два дневни весника.[38]

На ден 14.9.2011 година, наставно-научниот совет одржа седница, на која со 10 гласови „за" и 40 воздржани, единствената кандидатка што беше предложена, не беше избрана, со ниту еден глас против нејзиниот избор. За ваквата одлука не се објави официјално образложение, освен изјавата на деканот Ајдински, дадена за медиумите дека веројатно воздржаноста била знак на солидарност со професорки од факултетот, кои ја тужеа Ирена Цветковиќ за навреда и за клевета за колумна, во која дава критички став за нивни учебник, кој подоцна беше повлечен од употреба.[39] Според постојното законодавство, не постои можност да се оспори оваа одлука на наставно-научниот совет. Делот од етичкиот кодекс што наведува дека *„Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" се застапува за единствен свет и за соработка на сите луѓе во светот, како и за плурализам на интелектуалните ставови и на политичките погледи, а е против ставовите со кои луѓето се негираат според некоја природна карактеристика, социјална положба или духовна определба*" се покажа како

37 Правилник за критериумите и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и во соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"–Скопје, член 19.

38 Настано-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 16-та редовна седница одржана на 12.4.2011 година, формираше рецензентска комисија, која утврди дека на конкурсот се пријавиле двајца кандидати и две кандидатки, за кои беше подготвен и објавен реферат во Билтен бр. 1008 од 16.5.2011 година. Во заклучокот и во предлогот на рефератот, „Комисијата ѝ дава предност на кандидатката Ирена Цветковиќ, кај која е видливо присутна конзистентноста во профилирањето на научниот, истражувачкиот и на општествениот ангажман во областа на родовите студии. Таа единствено од четворицата кандидати има магистратура од областа на родовите студии, а освен тоа има и наставно искуство како демонстарторка на Инситутот за родови студии. Во нејзината работа како демонстраторка, м-р Ирена Цветковиќ пројави трудољубивост, исполнителност, иновативен пристап во однос на примена на современи методи за работа на вежбите и коректен однос во работата со студентите. Оттука, имајќи го предвид континуитетот на интерес и на работа во областа на родовите студии, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет да ја избере м-р Ирена Цветковиќ во звањето помлад асистент."

Реферат за избор на помлад асистент за научните обалсти: историја на родот и полот, родот и религијата, родот и мирот и науката, технологијата и родот на Филозофскиот факултет во Скопје (м-р Горан Стојанов, м-р Марјан Стојанов, м-р Катерина Бишкоска-Димитриоска и м-р Ирена Цветковиќ)

39 http://www.makdenes.org/content/article/24348874.html http://www.vest.com.mk/?ItemID=6DBCE3EC1657A44D8B84A886E9B87249

неефикасен и неприменлив во конкретниот случај.

Поради појавата на овие случаи, неопходно е да се воведат механизми за заштита на академскиот кадар од ваков тип на одлуки, кои, единствено, имаат за цел дискриминација и дополнителна виктимизација на поединци што јавно го изразиле критичкиот став кон одреден учебник или кон одредена пракса на Универзитетот. Единствена реакција за овој случај имаше од мала група на академски работници, кои, јавно, преку обраќање до сенаторите на УКИМ оценија дека „ваквиот чин претставува сериозен симптом дека Универзитетот почнува да застранува од она што е професионализам и етика.“[40] Недостатокот од реакција по случајот укажува на недостиг од ефикасни механизми за заштита на академскиот кадар на Универзитетот во нивниот напредок и во развојот на кариерата врз квалификацијата, способноста и врз индивидуалниот потенцијал на кандидатите.

Од анализата може да се заклучи дека правната рамка што ја регулира работата на Универзитетот не дава соодветна заштита од дискриминација, ниту соодветно промовирање на принципот на еднакви можности за студентите и за академскиот кадар. Истото се однесува и на делот од овие документи што ги штити правата на студентите. Единствен начин на кој академската заедница може да бара заштита од дискриминација се општите механизми за заштита од дискриминација, воспоставени со Уставот, Законот за спречување и заштита од дискриминација и со Законот за еднакви можности на жените и мажите. Исто така, загрижува фактот што, и покрај повеќе укажувања, сè уште на Универзитетот се применуваат учебници што не се во согласност со најновите научни истражувања и се спротивни на принципите на заштита од дискриминација и на еднакви можности на студентите, но и на целото општество.

И на крајот, случајот на неизбор на асистентка без ниту еден глас против, уште еднаш, го потврдува фактот дека треба да се направи ревизија на регулативата на

40 http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=925112036494&id=13&setIzdanie=22390

Универзитетот и нејзино усогласување со реалните ситуации, со цел елиминирање на можноста за дискриминација и за виктимизација на студенти и на кандидати што јавно го изразуваат критичкото мислење за функционирањето и за работењето на образовниот систем во Република Македонија.

## 6. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА УНИВЕРЗИТЕТСКИ ПОЛИТИКИ И ТЕЛА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ, РАЗЛИЧНОСТ И ЗА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

**Универзитетски политики и тела за еднакви можности, различност и за недискриминација**

Политиките што ја промовираат различноста, еднаквите можности и инклузивноста се приоритет на модерните универзитети во светот. Повеќе универзитети имаат развиено антидискриминациски политики, политики за еднакви можности, мерки за афирмативна акција и други мерки за промовирање на различноста и на инклузивноста.

Создавањето на атмосфера што ќе биде безбедна и инклузивна за припадниците на заштитените групи станува заеднички императив на универзитетските и на студентските тела, затоа што инклузивноста и различноста се мерливи показатели од кои, сѐ повеќе, зависи угледот на Универзитетот.

**Модели на антидискриминациски политики**

Во голем број универзитети во светот има развиено специфични политики против дискриминација и/или вознемирување, а тие можат да опфаќаат:

1) Експлицитни одредби за забрана на дискриминација (и вознемирување) со

наведени дискриминациски основи (во статути, кодекси, изјави, или во други документи);

2) Подготвување и објавување на информативни, едукативни и промотивни материјали (прирачници, водичи, речници со термини, насоки за користење на несексистички или инклузивен јазик, публикации за промоција на еднакви можности, за промоција на различност и на инклузивност итн.)

3) Процедури/механизми за жалби во врска со дискриминација (вознемирување), кои можат да опфатат:

- процедури за пријавување на случаи на дискриминација (усно или писмено, преку посебни печатени формулари, или преку интернет-формулари);
- процедури за истражување на наводите во претставките;
- процедури за медијација или за помирување во случаи на дискриминација;
- процедури за изрекување дисциплински мерки, опомени, казни, совети;
- процедури за жалби;

4) Формирање на Универзитетски тела или на институционални решенија за борба против дискриминација (или за еднакви можности, различност, правичност). Овие тела се јавуваат во различни форми во рамките на одделни универзитети (оддели, канцеларии, советодавни и други комитети, советници, координатори, ресурсни центри за информирање и за советување, посебни тела за заштитени групи, иницијативи, истражувачки институти, студентски правобранители, итн.);

5) Формирање на здравствени центри за студентите (вклучително и за здравствени и сексуални права на посебно ранливи групи), кои нудат услуги и информации за жртвите на дискриминација, вознемирување и на насилство (вклучително и поддршка на жртвите);

6) Усвојување на програми и мерки за еднакви можности, афирмативна акција, различност, инклузивност, наменети за вработените и/или студентите;

7) Формирање на студентски тела за советување и за застапување во случаи на дискриминација и за зголемување на видливоста на групите заштитени од дискриминација (формирање на мрежи и на коалиции, организирање на кампањи, центри);

8) Пропишување на процедури за документирање и за известување за дискриминација и за вознемирување (на пример, процедури за доверливост и за подготовка и публикување на годишни извештаи за случаи на дискриминација и/или на вознемирување)

## Примери за политики и за тела за еднакви можности на одделни универзитети

**Универзитет „ Јеил“, САД**

Посветеноста на еднакви можности е во срцевината на мисијата на Универзитетот. Универзитетот „Јеил“ има посебна изјава за еднакви можности, која експлицитно укажува дека Универзитетот не ги дискриминира поединците при приемот, во образовните програми и во вработувањето врз повеќе основи, меѓу кои и сексуалната ориентација и родовиот идентитет или родовото изразување.

Универзитетот „Јеил“ има посебна Канцеларија за програми за еднакви можности, која ги надгледува програмите за афирмативна акција и ги разгледува проблемите на студентите, вработените и на кандидатите во врска со афирмативната акција, еднаквите можности, сексуалното малтретирање, расното малтретирање,

или со правичноста при приемот и при вработувањето на Универзитетот.

На „Јеил“ има посебни програми за афирмативна акција за вработување жени и припадници на расни/етнички малцински групи, програма за афирмативна акција на лица со попреченост, на ветерани итн.

Има посебни координатори за дискриминација врз основа на полот, кои мониторираат инциденти, се грижат Универзитетот да одговори соодветно на секоја жалба и, во соодветни ситуации, дури и вршат истражувања.

Секоја година се назначуваат координатори за малцински студенти, кои се фокусираат на образованието и на регрутирањето на малцински студенти. На Универзитетот „Јеил“има и посебен Афроамерикански културен центар.

Канцеларијата за различност и за инклузија поддржува  неколку малцински групи за градење на заедницата: „Азиска мрежа“, „Јеил Африканско-американска група“, „Јеил група за Латино-вмрежување“, и „Јеил лезбиска, бисексуална, трансродова и квир група“.

Канцеларијата настојува да создаде видлива ЛГБТК заедница во кампусот, преку организирање на јавни настани, но, исто така, обезбедува советување и застапување за студенти за прашања во врска со сексуалната ориентација и со родовиот идентитет.

На Универзитетот „Јеил“ има и посебен Ресурсен центар за попреченост, чија примарна мисија е да помогне во индивидуалното сместување на студенти со попреченост и во отстранувањето на физичките и други бариери, кои оневозможуваат нивно целосно учество во универзитетската заедница.

**Универзитет „Беркли“, САД**

На Универзитетот „Беркли“ има посебна Канцеларија за заштита од малтретирање и од дискриминација, која има посебна одговорност да обезбеди итен и успешен одговор на сите жалби за дискриминација врз основа на полот, или за малтретирање на вработени и на студенти. Исто така, има јасно дефинирани политики

за недискриминација, политики против сексуално малтретирање (со процедури за решавање жалби), како и политики и процедури во врска со сексуален напад и со силување.

На Универзитетот има посебна „Иницијатива за правичност, инклузија и различност", која има за цел да развие нови модели за целата нација, преку истражување и поучување, преку студентски стипендии и преку програми за институционална трансформација. Стратешкиот план за правичност, инклузија и за различност е мониториран од Одделот за правичност и за инклузија на Универзитетот.

На Универзитетот „Беркли" има посебни кампус-програми и услуги во врска со попреченоста, родот, ЛГБТИК, расата и етносот итн. На пример, има посебни стандарди и водичи за лицата со попреченост, посебни библиотеки, посебен паркинг, посебен центар за услуги, комитет за отстранување на архитектонски бариери, посебен сојуз на студенти итн.

На Универзитетот, исто така, има ресурсен центар за родова правичност, кој нуди информации и помош за специфични теми, како што се „*coming out*", родова транзиција, сексуален напад/силување, сексуално малтретирање, прогонување, насилство во врски/средби, дела од омраза. Политиката за сексуално малтретирање ги дефинира процедурите за пријавување и за постапување во случај на сексуален напад, како и овозможување здравствени и други услуги на студентите што ќе пријават сексуален напад.

Постои и советодавен комитет на ЛГБТ заедницата, кој ги следи состојбите во кампусот, а формирани се и посебни центри за сексуално здравје за ЛГБ лицата и транс-лицата.

На Универзитетот „Беркли" има и посебен Мултикултурен центар на заедницата, кој помага за поголемо учество на студентите во мултикултурното образование.

**Универзитет „Принстон“, САД**

Универзитетот „Принстон“ има посебни политики за правичност, различност, и за борба против дискриминацијата. На Универзитетот е формиран посебен Совет за различност, група што ја советува Канцеларијата за различност и препорачува и промовира политики, практики и програми што поттикнуваат ефективно учество во разновидна и инклузивна заедница.

Директорот на програмите за еднакви можности е одговорен за координирање на универзитетскиот план за афирмативна акција и прима поплаки во однос на дискриминација и на малтретирање. Студентите и вработените имаат можност да пријават дискриминација или малтретирање и преку интернет формулар.

На Универзитетот има посебен ЛГБТ центар, кој има цел да создаде безбедна и поддржувачка средина, преку образовни можности и преку застапување на потребите и на проблемите на студентите.

**Универзитет „Кембриџ“, Велика Британија**

Клучни вредности на Универзитетот во Кембриџ се слободата на мислата и на изразувањето и слободата од дискриминација. Универзитетот има специфични политики за еднакви можности и за борба против дискриминацијата. Ниту еден студент, вработен или кандидат (за студент или за вработен) нема да биде третиран понеповолно од друг, поради нејзината или неговата припадност на заштитена група. Заштитени основи се полот, промената на родот, бракот или цивилното партнерство, бременоста или мајчинството, расата (вклучувајќи го етничкото или националното потекло, националноста или бојата), попреченоста, сексуалната ориентација, возраста, или религијата или уверувањето.

Универзитетот има разработена политика на еднакви можности и стратешки документ („*Combined Equality Scheme*“), кој опфаќа пет стратешки теми: владеење и

развој на политики, развивање и имплементирање на најдобри практики, инклузивни практики за вработени и за студенти, промовирање на еднаквост и на различност, податоци и обезбедување информации (во врска со еднаквоста и различноста).

Во рамките на инклузивните практики за вработените и за студентите, покрај процедурите за жалба против дискриминација, малтретирање или виктимизација, политиката на еднакви можности овозможува и поттикнува формирање на мрежи од вработени и од студенти што им даваат поддршка на членовите на заштитената група.

**Универзитет „Оксфорд“, Велика Британија**

На Универзитетот „Оксфорд“ има посебен Оддел за еднаквост и за различност, кој се грижи за вредностите „слобода од дискриминација“ и „еднаквост на можности“. Универзитетската политика на еднаквост се залага за инклузивна средина, во која сите студенти ќе се чувствуваат добредојдени, безбедни, вреднувани и поддржувани.

Универзитетот посебно се грижи за заштитените групи од дискриминација, признаени во „Актот за еднаквост“ (2010), кој дефинира девет заштитени карактеристики: пол, бременост и мајчинство, менување род, возраст, попреченост, раса, религија или верување, сексуална ориентација, брак или цивилно партнерство. На пример, Универзитетот овозможува флексибилно работно време за родители и за негувател(к)и, има посебна политика и посебни мерки за еднаквост за лицата со попреченост, посебна политика, акционен план и мрежа за расна еднаквост, посебни верски здруженија, религиозни центри итн.

Универзитетот има посебна политика и посебни процедури за вознемирување и за малтретирање, каде што сексуалната ориентација и менувањето на родот се експлицитно наведени основи. На Универзитетот во тек е изработка на трансродови политики и насоки.

**Универзитет „Хонг Конг“**

Универзитетот е посветен на креирање, промовирање и на одржување на средина за вработените и за студентите што обезбедува еднакви можности, што значи слобода, од каква и да е дискриминација и од какво и да е вознемирување.

Универзитетската политика на еднакви можности забранува дискриминација, и тоа: полова дискриминација, сексуално вознемирување, дискриминација и вознемирување врз основа на попреченост, дискриминација врз основа на брачен статус, дискриминација врз основа на бременост, дискриминација врз основа на семеен статус, вознемирување врз основа на сексуална ориентација и расна дискриминација и вознемирување.

Во случај на дискриминација, жртвите можат да побараат помош од Одделот за еднакви можности, Советниците за еднакви можности, Центарот за личен развој и советување, или од членовите на Комитетот за жалби за дискриминација

**Универзитет на Централна Европа , Унгарија**

Централно-европскиот Универзитет има посебен етички кодекс, во кој се признава човековото достоинство на секој од неговите членови и во кој етички императив е „академска, работна и животна средина, ослободена од секаква форма на вознемирување и на дискриминација, вклучително врз основа на расата, бојата, националното потекло, етницитетот, религијата, родот, сексуалната ориентација, попреченоста, возраста, или која и да е друга основа забранета со закон“.

Универзитетот има посебна политика за сексуално вознемирување, посебна политика за еднакви можности и политика за недискриминација.

Во општите насоки на политиката на еднакви можности, Универзитетот се стреми да обезбеди услови во кои нема да има дискриминација на која и да е група на студенти, предавачи или на вработени во пристапот до универзитетските

простории и да востанови механизам за поплаки за дискриминација и за сексуално вознемирување. Универзитетот има за цел да ја едуцира универзитетската заедница за општите цели и за филозофијата на еднаквите можности, заедно со причините за усвоените политики и практики, како и да обезбеди поддршка за жртвите на дискриминација и на вознемирување. Универзитетот се обврзува дека ќе обезбеди усогласеност на универзитетските политики со принципите на еднакви можности, како и дека ќе го елиминира сексистичкиот, расистичкиот и секој друг дискриминациски јазик од сите универзитетски публикации и ќе ја обесхрабри употребата на таков јазик и на такви претстави во публикуваните и во непубликуваните материјали и во говорите на вработените и на студентите.

## Што е потребно за успешна универзитетска политика на еднакви можности?

Развивањето на инклузивни поддржувачки политики е клучно за градењето на академска заедница во која активно ќе се почитуваат разликите.[41] Креирањето на инклузивен вокабулар е пожелно, а воспоставувањето на механизми како одговор на актите на нетолеранција е повеќе од потребно, како и навременото реагирање во случаи на дискриминација.

Отстранувањето на дискриминациските содржини од универзитетски учебници, како и интегрирањето на темите што ги засегаат маргинализираните групи во наставните програми, е предуслов за отворање на критичка дебата за различноста и за инклузивноста во високообразовните институции.

Тргнувајќи од законските обврски произлезени од Уставот, погоре анализираните закони, како и од меѓународните стандарди за заштита од дискриминација, а имајќи ја предвид и праксата воспоставена на врвните светски

41 Во студијата „2010 State of Higher EducationFor Lesbian, Gay, Bisexual& Transgender People“, се укажува дека, доколку институцијата е поддржувачка, поверојатно е дека индивидуите ќе бидат отворени за нивниот сексуален или родов идентитет и дека ќе бидат позадоволни и попродуктивни, бидејќи нема да трошат енергија криејќи аспекти на нивниот идентитет.

и европски универзитети, неопходно е да се преземат активности за вклучување на принципот на еднакви можности и на недискриминација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Развивањето на инклузивни политики и на механизми за борба против дискриминацијата може да им помогне, не само на жртвите на дискриминација, туку и на високообразовната установа, која самата ќе се вброи во редот на угледните универзитети што промовираат различност, еднакви можности и инклузивност.

## Конкретни препораки за Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“–Скопје

1) Усогласување на законската рамка што го регулира работењето на Универзитетот со општата рамка за заштита од дискриминација и за еднакви можности, следејќи ги најновите меѓународни стандарди за заштита од дискриминација. Воведување на одредби со кои се забранува дискриминација врз која било основа. Елиминирање на одредбите со кои формално се дискриминира одредена група на студенти (ограничувањето на странски студенти да учествуваат во организирањето на студентите).
2) Ревидирање на текстот на Етичкиот кодекс преку отстранување на делови што ги потврдуваат негативните стереотипи кон одредени групи на луѓе со што поттикнуваат дискриминација (поистоветувањето на зависноста со криминално однесување).
3) Усвојување на посебен документ, преку кој Универзитетот ќе ја одрази недвосмислената заложба за развивање на политика на еднакви можности и на недискриминација на академската заедница (на пример, „Универзитетски политики за еднакви можности и борба против дискриминацијата и вознемирувањето“), кој ќе им биде достапен на сите вработени, сите студенти и на сите кандидати (за вработување или за студирање). Овој документ, покрај декларативната заложба за недискриминација, мора да содржи

конкретни насоки што мора да ги следат Универзитетот и одделните факултети и институти, со цел интегрирање на принципите на еднакви можности и постигнување на фактичка еднаквост. Овој документ, неопходно, мора да предвиди редовно ревидирање на учебниците и на помагалата што се користат на Универзитетот, со цел елиминирање на дискриминациски содржини од високото образование.

4) Изготвување на посебни документи за борба против дискриминацијата, во соработка со определени факултети и институти (на пример, „Насоки за борба против дискриминацијата врз основа на попреченоста“, во соработка со Институтот за дефектологија, „Насоки за борба против дискриминацијата врз основа на полот, родот, сексуалната ориентација и на родовото изразување“, во соработка со Институтот за родови студии, „Насоки за борба против дискриминацијата на студентите со ХИВ и на студентите ранливи на ХИВ“, во соработка со Медицинскиот факултет итн.).
5) Зајакнување на студентскиот правобранител во постапувањето во случаи на заштита од дискриминација, преку дополнување на надлежностите во Статутот и преку јасно утврдување на постапката за пријавување и за постапување во случај на дискриминација.
6) Промовирање на општите механизми за заштита од дискриминација меѓу студентите и меѓу академскиот кадар.
7) Формирање на Советодавно тело за еднакви можности и за борба против дискриминацијата (во кое ќе членуваат универзитетски професори, вработени и студенти), кое ќе го надгледува имплементирањето на зацртаните политики и ќе предлага мерки за еднакви можности и за борба против дискриминацијата.
8) Формирање на Универзитетски ресурсен центар за информирање, советување и за документирање на случаи на дискриминација (наменет за студенти, вработени и за кандидати за вработување и за студирање). Ресурсниот центар

ќе ги промовира принципите на еднакви можности, инклузивност, различност и на недискриминација и ќе поттикнува создавање на студентски тела или групи за советување и за застапување во случаи на дискриминација, како и за зголемување на видливоста на групите заштитени од дискриминација.

9) Зајакнување на постојните механизми за борба против дискриминацијата, преку воведување на институт „Канцеларија за еднакви можности и за борба против дискриминација“ на секој факултет, во која „Советникот за борба против дискриминација“ ќе може: да прима усни претставки за дискриминација, да дава совети за заштита од дискриминација, да врши медијација при полесни случаи на дискриминација, да ги промовира принципите на недискриминација и на еднакви можности на факултетот.
10) Изготвување на посебни интернет-формулари за пријавување на дискриминација (за вработени, за студенти, за кандидати за вработување и за студенти)
11) Подготовка на студентски водич за борба против дискриминацијата, кој ќе содржи поимник на клучни термини, насоки за користење на несексистички и на инклузивен јазик и информативен материјал за постојните механизми за заштита од дискриминација, вознемирување, говор на омраза и од насилство.
12) Воспоставување на соработка меѓу високообразовните институции и СПУКМ со здруженија и со организации што работат со маргинализирани групи.
13) Промоција на механизмите за заштита што ги нуди Комисијата за заштита и спречување на дискриминација
14) Активирање на Комисијата за студентски жалби.

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД 2

2. ДИСКРИМИНАЦИЈАТА И СТУДЕНТИТЕ: ПРЕПОЗНАВАЊЕ, ИНФОРМИРАНОСТ, ИСКУСТВА И МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА 4

2.1. Препознавање на дискриминацијата 7
2.2. Застапеност на дискриминацијата 9
2.3. Зачестеност на дискриминацијата 13
2.4. Пријавување на дискриминацијата 17
2.5. Субјекти што вршат дискриминација 20
2.6. Информираност и ставови во врска со дискриминацијата 26
2.7. Запознаеност со правните акти, регулативи и механизми за заштита од дискриминација 28

3. ПРАВНА РАМКА 32

4. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА СТУДЕНТИТЕ 44

4.1. Студентски парламент 45
4.2. Студентски правобранител 48
4.3. Комисија за студентски жалби 50
4.4. Механизми за заштита од дискриминација 51

5. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА НАУЧНИОТ КАДАР 53

6. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА УНИВЕРЗИТЕТСКИ ПОЛИТИКИ И ТЕЛА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ, РАЗЛИЧНОСТ И ЗА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА 57

**Издавач:**
**Коалиција `Здравствени и сексуални права на маргинализираните заедници` Скопје**
**Дизајн:**
**Ангела Маневска, Велимир Жерновски**
**Печати:**
**Пропоинт, Скопје**
**Копии:**
**300**

БОШКОВА, Наташа
Анализа на документи и на политики на Универзитетот “ Св. Кирил и Методиј” во Скопје за степенот на вклушеност на принципот на еднакви можности и недискриминација / Наташа Бошкова, Жарко Трајаноски ; истражувачи Моника Божиноска ... [и др.]. - Скопје : Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, 2013. - 71 стр. ; 22 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-65359-9-5
1. Трајаноски, Жарко [автор]
а) Дискриминација - Спречување и заштита - Универзитет “Св. Кирил и Методиј” - Скопје - Истражувања
COBISS.MK-ID 95059466

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ YOUTH EDUCATIONAL FORUM

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS